**20130701515**

**ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/13), Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 13 мај 2013 година, го утврди Пречистениот текст на Законот за градење.

Пречистениот текст на Законот за градење ги опфаќа: Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2010); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2011); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2011); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2012); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2012); Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2013) во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена; Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.262/2009 („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011) и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.212/2010 („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2011).

Бр. 10-1397/2
13 мај 2013 година
Скопје

Претседател на
Законодавно-правна комисија
на Собранието на Република
Македонија,
**Благородна Дулиќ**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ („Службен весник на Република Македонија" Бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12 и 25/13) (пречистен текст)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат градењето, основните барања на градбата, потребната проектна документација за добивање на одобрение за градење, правата и обврските на учесниците во изградбата, начинот на употреба и одржување на градбата, како и други прашања од значење за градењето.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Градење е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, вршење на подготвителни работи, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, реконструкција и адаптација на постојната градба што опфаќа земјени работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно-инсталатерски работи и градежно-завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата;

2. Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема;

3. Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времен објект се поставува заради вршење на:

- сообраќајни дејности (привремени паркинзи и приодни патеки),

- туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и летни дискотеки) и

- објекти кои се во функција на граничните премини;

4. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатскоконзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци;

5. Реконструкција е изведување на работи во рамките на постојниот габарит на објект со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена, со менување на фасада, промена на технолошкиот процес и на инсталацијата, санација и замена на конструктивни елементи и слично;

6. Адаптација е изведување на градежни и други работи на постоен објект со кои се врши промена на организацијта на просторот во објектот, се врши замена на уреди, постројки, опрема и инсталацијата од ист капацитет, а со кои не се влијае на стабилноста и сигурноста на објектот, не се менуваат конструктивните елементи, не се менува надворешниот изглед и не се влијае на безбедноста на соседните објекти, сообраќајот и заштита од пожари и животната средина;

7. Надградба е изведување на работи на постоен објект со кои се влијае на основните елементи според кои е изграден објектот, а посебно на конструкцијата во висина, со изградба на нови етажи до максимално дозволената висина со урбанистичкиот план при што може да се влијае на конструктивниот систем во рамките на постојните габарити на основата;

8. Доградба е изведување на работи на постоен објект со изградба на нова површина надвор од габаритот на постојниот објект, до максимално дозволената површина предвидена со урбанистичкиот план, при што може да се влијае на конструктивниот систем на постојниот објект;

9. Употреба на градежен објект е вршење активности во изграден објект согласно со неговата намена утврдена со решението за локациски услови и основниот проект;

10. Одржување на градежен објект е изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговото употребување;

11. Градежен производ е производ кој е произведен за трајно вградување во градби за кои е добиена позитивна техничка оцена дека производот е соодветен за употреба за предвидена намена;

12. Постројка е збир на поврзана опрема која служи за остварување на технолошкиот или друг процес согласно со намената на градбата;



www.pravdiko.com

13. Опрема се поединечни уреди, процесни инсталации и други производи од кои се состои постројката или самостојно се вградени во градбата и служат за технолошкиот или друг процес, согласно со намената за градбата;

14. Претходни работи се работи кои во зависност од видот и карактерот на градбата, опфаќаат истражување и изработка на анализи и други стручни материјали, прибавување на податоци со кои се анализираат геолошките, геотехничките, геодетските, хидролошките, метеоролошките, урбанистичките, техничките, технолошките, економските, енергетските, сеизмичките, водостопанските и сообраќајните услови, условите за заштита од пожари и заштита на животната средина, како и други услови предвидени со закон;

15. Подготвителни работи се работи на изведување на привремени градби и други активности заради организирање и уредување на градилиштето, како и овозможување на примена на соодветни градежни и технолошки работи;

16. Линиски инфраструктурни градби се јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, продуктовод, гасовод, топловод, водовод, канализација, телекомуникациски водови и други објекти, кои можат да бидат надземени или подземни и чија изградба претставува јавен интерес утврден со закон.

17. Градилиште е ограден простор на кој се изведуваат работи на градење, доградба, надградба, реконструкција, адаптација, одржување и отстранување на градба, како и привремено зафатениот простор потребен за примена на соодветни градежни технологии и

18. Отстранување е изведување на работи на уривање или на демонтирање на градба, објект или нивни делови, како и собирање и транспорт на градежниот материјал и отпад создаден со уривањето, односно со демонтирањето на градбата и со уредувањето на земјиштето.

Член 2-а

Во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 2-б

(1) Одредбите од овој закон не се однесуваат на изградбата на воени објекти и градби од значење на одбраната и безбедноста.

(2) Изградбата на објектите и градбите од став (1) на овој член се врши согласно прописите од областа на одбраната и безбедноста.

Член 2-в е избришан

## II. ОСНОВНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБАТА

Член 3

(1) Секоја градба, зависно од намената, треба да ги исполни основните барања за градбата предвидени со параметрите од урбанистичкиот план или државната односно локалната урбанистичка планската документација или проектот за инфраструктура и други услови пропишани со овој закон и посебните закони.

(2) Основните барања за градбата се однесуваат на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, заштита од пожар, санитарна и здравствена заштита, заштита на работната и животната средина, заштита од бучава, сигурност во употребувањето, ефикасно користење на енергијата и топлинската заштита, непречен пристап и движење



www.pravdiko.com

до и во градбата и техничките својства на градежните производи што се користат за изградба.

(3) Основните барања за градежните производи, нивните технички својства и другите технички барања мора да се во согласност со законот и со другите прописи со кои се уредува квалитетот на градежните производи.

**1. Механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита**

Член 4

Градбата треба да е проектирана и изведена на таков начин што во текот на градежните работи и во текот на употребата нема да дојде до нарушување на механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита, а особено до:

- уривање на целата или дел од градбата,
- оштетување на делови од градбата, темелната основа или опремата како резултат на големи деформации на носивата конструкција на градбата и
- несразмерно големи деформации и оштетувања во однос на причината од која настанале.

**2. Заштита од пожар**

Член 5

Градбата треба да е проектирана и изведена на таков начин што во случај на пожар може:

- да се сочува носечкиот систем на конструкцијата за одреден временски период,
- да се спречи ширењето на пожарот и чадот во градбата,
- да се спречи ширењето на пожарот на соседните градби,
- да овозможи лицата неповредени да ја напуштат градбата, односно да овозможи нивно спасување и
- да овозможи заштита на спасувачките тимови.

**3. Хигиена, здравје и заштита на работната и животната средина**

Член 6

(1) Градбата треба да биде проектирана и изведена така што да не ја загрозува хигиената и здравјето на луѓето, работната и животната средина, особено како резултат на:

- испуштање на опасни супстанции,
- присуство на опасни честици или гасови во воздухот,
- емисија на опасно зрачење,
- загадување или труење на водата и почвата,
- несоодветно отстранување на отпадни води, чад, цврст или течен отпад и
- присуство на влага на делови од градбата.

(2) Градежните производи и опремата при изградбата треба да се изведат, вградат, поврзат и одржуваат така што под дејство на хемиските, физичките и другите влијанија да не може да дојде до опасност, попречување, штета или недозволени оштетувања во текот на употребата на градбата.

**4. Сигурност при употребување**

Член 7

Градбата треба да биде проектирана и изведена на таков начин што при употребата и одржувањето да се избегнат можните повреди на лица кои можат да настанат од лизгање, паѓање, удирање, изгореница, струен удар и експлозија и од други случаи кои можат да ја загрозат безбедноста во градбата.

**5. Заштита од бучава**

Член 8

Проектирањето, изведувањето и употребата на градбите, вградените постројки и опремата треба да овозможи бучавата во и надвор од градбата да биде во границите пропишани со Законот за заштита од бучава во животната средина и правилниците што произлегуваат од него.

**6. Ефикасно користење на енергија и топлинска заштита**

Член 9

Градбата и нејзините уреди за греење, ладење и проветрување треба да бидат проектирани и изведени на таков начин што во зависност од климатските услови на локацијата ќе обезбедат потрошувачката на енергија во текот на нејзиното употребување да биде еднаква или пониска од пропишаното ниво, како и да ги исполнат барањата за енергетска ефикасност пропишани со прописите кои ја регулираат оваа материја.

**7. Отстапување од основните барања за градбата**

Член 10

Во случај на реконструкција или адаптација на градба запишана во Националниот регистар на културно наследство, со кои на лица со инвалидност им се овозможува непречен пристап, движење, престој и работа, може да се отстапи од некои основни барања за градбата заради овозможување на непречен пристап, движење, престој и работа, по добиено позитивно мислење од Министерството за труд и социјална политика и прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

**8. Непречен пристап и движење до и во градбата**

Член 11

(1) Градба за јавни и деловни намени и градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена мора да биде проектирана и изградена така што на лицата со инвалидност ќе им се овозможи непречен пристап, движење, престој и работа до и во градбата.

(2) Начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лица со инвалидност до и во градбите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.



www.pravdiko.com

## III. УЧЕСНИЦИ ВО ИЗГРАДБАТА

Член 12

(1) Учесници во изградбата се носителот на правото на градење и правни лица кои ги вршат работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата.

(2) Странско правно и физичко лице може да биде учесник во изградбата под услови утврдени со овој закон.

(3) Правата и обврските меѓу учесниците во изградбата се уредуваат со овој и друг закон.

### 1. Инвеститор

Член 13

(1) Носител на правото на градење е правно или физичко лице сопственик на земјиштето на кое се гради градбата, лице кое стекнало право на долготраен закуп на градежно земјиште, концесионер, носител на правото на службеност заради градба, лице на кое сопственикот на земјиштето или носителот на правото на долготраен закуп на градежно земјиште го пренел правото на градење со правно дело и лице кое се стекнало со право на градење согласно со закон (во натамошниот текст: инвеститор).

(2) Инвеститорот е должен проектирањето, ревизијата на проектите, изградбата и надзорот над изградбата на градби, да го даде на правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон.

### 1.1. Управител на градба

Член 14

(1) При изградба на градби од членот 57 на овој закон инвеститорот може да определи управител на градба кој во негово име ги води сите организациони работи, ги следи сите фази на градење и врши финансиско и материјално следење на средствата во процесот на изградбата, се до добивање на одобрение за употреба.

(2) Управител на градба може да биде правно лице кое има лиценца за управител на градба.

(3) За добивање на лиценца за управител на градба, правното лице е потребно да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку две лица од кои едно лице со овластување А за надзорен инженер или овластување А за инженер за изведба и едно лице со овластување Б за надзорен инженер или овластување Б за инженер за изведба.

### 2. Проектирање

Член 15

(1) Проектант е физичко лице кое изработува проекти за изградба на градби од членот 57 на овој закон и поседува овластување А и/или овластување Б за проектирање. Проектантот е должен проектот да го изработи согласно со стандардите и нормативите за проектирање и истиот е одговорен за усогласеноста на проектите со условите за градење.

(2) Проектантот работите на проектирање ги врши во правно лице кое е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст Централниот регистар) за вршење на соодветна дејност и кое поседува лиценца за проектирање.



www.pravdiko.com

## 2.1. Лиценца за проектирање

Член 16

(1) Правното лице за проектирање на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон треба да има лиценца А за проектирање, а за градби од втора категорија лиценца Б за проектирање.

(2) За добивање на лиценца А за проектирање, правното лице е потребно да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку тројца инженери од кои еден со овластување А за проектирање и еден со овластување Б за проектирање.

(3) Со барањето за добивање на лиценца Б за проектирање, правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку двајца инженери од кои еден со овластување Б за проектирање.

## 2.2. Овластувања за проектирање

Член 17

(1) За проектирање на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон Комората на овластени архитекти и инженери издава овластување А за изработка на проектна документација, а за градби од втора категорија овластување Б за изработка на проектна документација.

(2) Со барањето за добивање на овластување А за изработка на проектна документација, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 300 кредити),
- доказ за работно искуство од најмалку пет години во изработка на проектна документација од соодветната област и
- доказ за учество во изработка на најмалку три проектни документации од соодветната област за градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице во кое е изработена проектната документација.

(3) Со барањето за добивање на овластување Б за изработка на проектна документација, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 240 кредити,
- доказ за работно искуство од најмалку две години во изработка на проектна документација од соодветната област и
- доказ за учество во изработка на најмалку три проектни документации од соодветната област за градби од втора категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице во кое е изработена проектната документација.

Член 18

(1) Ако во проектирањето учествуваат повеќе проектанти, правното лице за проектирање, назначува главен проектант кој е одговорен за целосната усогласеност на проектите.



www.pravdiko.com

(2) Главниот проектант во текот на проектирањето ја обезбедува и координира изработката на проектите и одговара за примената на прописите за проектирање.

(3) Главниот проектант истовремено може да биде и проектант на одреден вид на проект кој е составен дел на проектната документација.

Член 19

(1) Заради контрола на реализацијата на проектот во текот на изградбата, проектантот може да врши проектантски надзор по барање на инвеститорот.

(2) Делови на проектот може да се менуваат од страна на надзорниот инженер само со писмена согласност од проектантот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член не се бара согласност од проектантот доколку со договорот за изработка на проектот инвеститорот и проектантот утврдиле дека може одделни делови од проектот да се менуваат без согласност на проектантот.

## 3. Ревизија

Член 20

(1) Ревидент е физичко лице кое врши ревизија на проектите за градење на градби од членот 57 на овој закон, заради потврдување на усогласеноста на проектите со одредбите од овој закон, стандардите и нормативите за проектирање и техничките прописи за градење и има овластување А и/или овластување Б за вршење ревизија.

(2) Ревидентот ревизијата ја врши во правно лице кое е регистрирано во Централниот регистар за вршење на соодветна дејност и кое поседува лиценца за ревизија на проектна документација.

(3) Ревидентот не може да врши ревизија на проектна документација за градба која што во целина или во нејзини одделни делови е изработена од правното лице каде што тој е вработен.

Член 21

(1) Ревизија на основниот проект во зависност од карактеристиките на градбата, треба да се спроведе во поглед на исполнување на основните барања за градбата согласно со овој и друг закон.

(2) Ревизијата на основниот проект задолжително се врши во поглед на механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита на градбите.

(3) Ревидентот за извршената ревизија на проектот е должен да состави извештај во писмена форма и да го завери ревидираниот проект.

(4) Ревизијата на основниот проект задолжително се врши на сите фази од основниот проект.

Член 22

Содржината и обемот на вршењето на ревизија, начинот на заверката на ревидираниот проект од страна на ревидентот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

### 3.1. Лиценца за ревизија на проектна документација

Член 23

(1) Правното лице за вршење на ревизија на проекти за градби од прва категорија од членот 57 на овој закон треба да има лиценца А за ревизија на проектна документација, а за градби од втора категорија лиценца Б за ревизија на проектна документација.

(2) За добивање на лиценца А за ревизија на проектна документација, правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку тројца инженери од кои еден со овластување А за ревизија на проектна документација и еден со овластување Б за ревизија на проектна документација.

(3) Со барањето за добивање на лиценца Б за ревизија на проектна документација, правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку двајца инженери од кои еден со овластување Б за ревизија на проектна документација.

### 3.2. Овластувања за ревизија на проектна документација

Член 24

(1) За вршење на ревизија на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, Комората на овластени архитекти и инженери издава овластување А за ревизија на проектна документација, а за градби од втора категорија овластување Б за ревизија на проектна документација.

(2) Со барањето за добивање на овластување А за ревизија на проектна документација, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 300 кредити),
- доказ за работно искуство од најмалку пет години во вршењето на ревизија на проектна документација од соодветната област или работно искуство од најмалку пет години во водење на постапка за издавање на одобрение за градење за градби од прва категорија од членот 57 на овој закон и
- доказ за учество во најмалку три ревизии на проектна документација од соодветната област за градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице во кое е извршена ревизијата.

(3) Со барањето за добивање на овластување Б за ревизија на проектна документација, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 240 кредити),
- доказ за работно искуство од најмалку две години во вршењето на ревизија на проектна документација од соодветната област или работно искуство од најмалку пет години во водење на постапка за издавање на одобрение за градење за градби од втора категорија од членот 57 на овој закон и

- доказ за учество во најмалку три ревизии на проектна документација од соодветната област за градби од втора категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице во кое е извршена ревизијата.

## 4. Изведување

Член 25

(1) Изведувач е правно лице кое ја изведува, односно гради градбата или дел од градбата, врз основа на договор за градење склучен со инвеститорот.

(2) За извршување на работите од ставот (1) на овој член правното лице треба да е регистрирано во Централниот регистар за изведување на градежни и/или градежнозанаетчиски работи и да поседува лиценца за изведувач.

### 4.1. Лиценца за изведувач

Член 26

(1) За изведување на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон правното лице треба да има лиценца А за изведувач, а за изведување на градби од втора категорија правното лице треба да има лиценца Б за изведувач.

(2) Со барањето за добивање на лиценца А за изведувач на овој закон, правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку 20 лица од кои три лица со овластување А за инженер за изведба и едно лице со овластување Б за инженер за изведба.

(3) Со барањето за добивање на лиценца Б за изведувач, правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку пет лица од кои две лица со овластување Б за инженер за изведба.

Член 27

Изведувачот може изведувањето на одредени градежни работи да го довери на друго правно лице (подизведувач), кое ги исполнува условите за изведување на тие работи пропишани со овој закон, за што склучува договор.

Член 28

Изведување на градежни и други работи на градба која е запишана во Националниот регистар на културно наследство може да врши лице кое, покрај условите утврдени со овој закон, ги исполнува и условите утврдени со прописите од областа за заштита на културното наследство.

Член 29

(1) Изведувачот е должен:

- да изведува градежни работи во согласност со добиената лиценца,
- да изведува градежни работи согласно со одобрението за градење, ревидираниот основен и изведбениот проект,
- да води градежен дневник и градежна книга при изведувањето на градежните работи,
- да обезбеди докази за пропишан квалитет за вградените градежни производи,
- да спроведува мерки за заштита и сигурност на градилиштето во согласност со закон,

- да обезбеди докази за потекло на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал (договор за купопродажба, фактура, сметкопотврда и слично).

(2) Формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежната книга, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 30

(1) Изведувачот определува инженер за изведба кој раководи со изградбата на градбата и е одговорен за исполнување на обврските утврдени со членот 29 од овој закон.

(2) При изградбата на градбата изведувачот може да определи повеќе инженери за изведба, при што одредува главен инженер за изведба кој ќе биде одговорен за исполнување на обврските утврдени со членот 29 од овој закон, како и за меѓусебното усогласување на работите.

(3) Инженерот за изведба е физичко лице со соодветна техничка струка кое има овластување за инженер за изведба согласно со овој закон.

## 4.2. Овластувања за инженер за изведба

Член 31

(1) За раководење со изградбата на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, Комората на овластени архитекти и инженери издава овластување А за инженер за изведба, а за градби од втора категорија овластување Б за инженер за изведба.

(2) Со барањето за добивање на овластување А за инженер за изведба, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 300 кредити),.

- доказ за работно искуство од најмалку пет години во изградба на градби од членот 57 на овој закон и

- доказ за учество во изградба на најмалку три градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице кое ги изведувало градбите.

(3) Со барањето за добивање на овластување Б за инженер за изведба, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено вишо или високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено вишо или високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 180 кредити),

- доказ за работно искуство од најмалку две години во изградба на градби од членот 57 на овој закон, за лица со високо образование, односно најмалку пет години за лица со вишо образование и

- доказ за учество во изградба на најмалку три градби од втора категорија од членот 57 на овој закон потврден од правното лице кое ги изведувало градбите.

Член 32
(е избришан)

### 5. Надзор на изградба

Член 33

(1) Надзорен инженер е физичко лице кое врши надзор над изградбата на градбата и има овластување А и/или овластување Б за надзорен инженер.

(2) Надзорниот инженер од ставот (1) на овој член ги врши работите на надзор во правното лице регистрирано во Централниот регистар за вршење на соодветна дејност и кое поседува лиценца за надзор.

(3) Надзорен инженер не може да биде лице вработено во правното лице изведувач на градбата на која се врши надзор, во спротивно ова претставува основ на трајно одземање на овластувањето за надзорен инженер.

### 5.1. Лиценца за надзор

Член 34

(1) Правното лице за вршење на надзор на изградба на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон треба да има лиценца А за надзор а за градби од втора категорија треба да има лиценца Б за надзор.

(2) Со барањето за добивање на лиценца А за надзор правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку четворица инженери од кои двајца со овластување А за вршење на надзор.

(3) Со барањето за добивање на лиценца Б за надзор правното лице потребно е да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветната дејност и
- доказ дека има вработено најмалку тројца инженери од кои двајца со овластување Б за вршење на надзор.

### 5.2. Овластувања за надзорен инженер

Член 35

(1) За вршење на надзор на градби од прва категорија Комората на овластени архитекти и инженери издава овластување А за надзорен инженер, а за градби од втора категорија овластување Б за надзорен инженер.

(2) Со барањето за добивање на овластување А за надзорен инженер, физичкото лице потребно е да достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 300 кредити),
- доказ за работно искуство од најмалку пет години во вршењето на надзор над изведување на градби од членот 57 на овој закон или во изградбата на градби од членот 57 на овој закон и
- доказ за учество во вршење на надзор од соодветната област на најмалку три градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице во кое е вршен

надзор или доказ за учество во изградба на најмалку три градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице кое ги изведувало градбите.

(3) Со барањето за добивање на овластување Б за надзорен инженер, физичкото лице потребно е да се достави:

- доказ за завршено високо образование од соодветната техничка струка (диплома или уверение за завршено високо образование, при што доколку барателот се стекнал со високо образование според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) треба да има стекнато 240 кредити),

- доказ за работно искуство од најмалку три години во вршење надзор над изведување на градби од членот 57 на овој закон или во изградба на градби од членот 57 на овој закон и

- доказ за учество во вршење на надзор од соодветната област на најмалку три градби од втора категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице во кое е вршен надзор или доказ за учество во изградба на најмалку три градби од втора категорија од членот 57 на овој закон, потврден од правното лице кое ги изведувало градбите.

Член 36

(1) Надзорниот инженер е должен:

- да врши проверка над изградбата дали истата е во согласност со основниот проект и одобрението за градење,

- да утврди дали е извршено обележување на проектираната градба на терен согласно со членот 82 од овој закон,

- да врши проверка на градбата во секоја фаза на градењето (при обележувањето и нанесувањето на основата на градбата од проектот на самото земјиште предвидено за градење, при извршениот ископ за градење на темели, при секое изградено ниво, односно кат од градбата, при градењето на кровната конструкција, завршните фасадерски и сите занаетчиски работи),

- да утврди дали учесниците во изградбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања,

- да врши проверка на квалитетот на вградените материјали во градбата,

- да утврди дали изведувачот обезбедил докази за потекло на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал, а доколку констатира дека истите не се обезбедени, за тоа да го извести надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење, како и Државниот инспекторат за техничка инспекција,

- да го запознае инвеститорот и надлежниот градежен инспектор за утврдените недостатоци или неправилности констатирани во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник и

- да изготви завршен извештај за извршениот надзор.

(2) При секоја фаза во текот на градењето на градбата, изведувачот и инвеститорот се должни да му овозможат на надзорниот инженер да изврши проверка, во спротивно надзорниот инженер е должен да го извести надлежниот градежен инспектор да изврши увид на лице место и заедно да ја утврдат состојбата на градење.

(3) За секоја фаза во текот на градење на градбата надзорниот инженер составува писмен извештај за извршената проверка со оцена за усогласеноста на градбата со проектот и условите за градење.

(4) При изградбата на градбата правното лице кое врши надзор може да определи повеќе надзорни инженери, при што одредува главен надзорен инженер кој ќе биде одговорен за меѓусебната усогласеност на надзорот над изградбата и за изготвување и доставување на завршниот извештај за извршениот надзор.



www.pravdiko.com

Член 36-а

Лицето кое врши надзор над изградбата на објекти со намена за стоваришта и магацини, за извршениот надзор не смее да утврди цена повисока од 0,5% од вредноста на објектот.

Член 37
(е избришан)

## 6. Издавање и одземање на лиценци и овластувања

Член 38

(1) Лиценците пропишани со овој закон се издаваат по поднесено барање за период од седум години и истите не можат да се пренесуваат на друго лице. Лиценците ги дава, одзема и води регистар за издадени и одземени лиценци органот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

(2) За добивање на лиценците правните лица плаќаат соодветен надоместок. Висината на надоместокот во зависност од видот на лиценцата ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, при што истата не може да биде пониска од 200 евра во денарска противвредност ниту повисока од 3.000 евра во денарска противвредност. Средствата остварени од надоместокот се приход на Буџетот на Република Македонија.

(3) Лиценцата по истекот на рокот за кој е издадена може да се обнови доколку правното лице ги исполнува условите пропишани со овој закон. За обновување на лиценцата не се плаќа надоместокот од ставот (2) на овој член.

(4) Лиценца издадена согласно со одредбите од овој закон се одзема доколку се утврди дека правното лице - носител на лиценца престанало да исполнува некој од условите за издавање на лиценца, или правното лице не ја исполнило обврската за осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Македонија согласно со членот 41-а од овој закон, или правното лице престанало да постои.

(5) Лиценца за изведувач се одзема доколку правното лице - изведувач изведува градби спротивно на одобрението за градење или без одобрение за градење, лиценца за надзор се одзема доколку правното лице за вршење на надзор на изградба на градби изготви или завери писмен извештај за одделна фаза за градењето со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери завршен извештај за извршен надзор со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од членот 90 ставови (3) и (4) од овој закон, а лиценца за ревизија на проектна документација се одзема доколку правното лице за ревизија на проектна документација изготви, односно завери извештај за ревизија на проектната документација спротивно на законските прописи.

(6) Во случаите од ставовите (4) и (5) на овој член лиценцата се одзема по службена должност или врз основа на предлог на надлежен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност, со решение на министерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа за уредувањето на просторот од денот кога решението за одземање на лиценца станало правосилно. Против решението не може да се поднесе жалба, а дозволена е тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(7) Правосилното решение за одземање на лиценца се евидентира во Регистарот за издадени и одземени лиценци. Органот надлежен за работите од областа за уредувањето на просторот правосилното решение за одземање на лиценца го доставува до Централниот

регистар на Република Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (8) на овој член.

(8) Правно лице чија лиценца е одземена поради неправилности наведени во ставовите (4) и (5) на овој член не може да добие лиценца согласно со одредбите од овој закон, а одговорното лице во правното лице не може да основа друго правно лице за вршење на истата дејност која ја вршело правното лице на кое му е одземена лиценцата согласно со овој закон, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата.

(9) Начинот и постапката за издавање, обновување, одземање на лиценците, формата и содржината на образецот на лиценците како и формата, содржината и начинот на водењето на регистарот, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(10) Врз основа на добиена лиценца за вршење на работи на изведување, проектирање, ревизија, надзор и одржување на градби од членот 57 на овој закон, правното лице може да ги врши овие работи и за градби од пониска категорија од категоријата на која припаѓаат градбите за кои е издадена лиценцата.

Член 39

(1) Овластувањата пропишани со овој закон се издаваат по поднесено барање за период од пет години и истите не можат да се пренесуваат на друго лице. Овластувањата ги дава, одзема и води регистар за издадени и одземени овластувања Комората на овластени архитекти и инженери.

(2) За добивање на овластувањата се плаќа надоместок согласно со ценовникот за јавни услуги од членот 109 став (1) точка 7 на овој закон. Средствата остварени од надоместокот за добивање на овластувањата на овој член се приход на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

(3) Овластувањето по истекот на рокот за кој е издадено може да се обнови на барање на физичкото лице. За обновување на овластувањето не се плаќа надоместокот од ставот (2) на овој член.

(4) Овластување издадено согласно со одредбите од овој закон се одзема доколку надлежниот орган на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, утврди дека физичкото лице не се придржува на ценовникот од членот 109 точка 7 од овој закон, не платило годишна членарина или не се придржува на Кодексот на професионална етика на овластени архитекти и овластени инженери.

(5) Овластување за инженер за изведба се одзема доколку инженерот за изведба изведува градби спротивно на одобрението за градење или без одобрение за градење, овластување за надзорен инженер се одзема доколку надзорниот инженер изготви писмен извештај за одделна фаза за градењето со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви завршен извештај за извршен надзор со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од членот 90 ставови (3) и (4) од овој закон, а овластување за ревизија на проектна документација се одзема доколку ревидентот изготви извештај за ревизија на проектната документација спротивно на законските прописи.

(6) Во случаите од ставовите (4) и (5) на овој член овластувањето се одзема по службена должност или врз основа на предлог на надлежен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност, со решение на претседателот на комората на овластени архитекти и овластени инженери од денот кога решението за одземање на овластување станало правосилно. Против решението не може да се поднесе жалба, а дозволена е тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(7) Правосилното решение за одземање на овластување се евидентира во Именикот на овластени архитекти и овластени инженери.

(8) Физичкото лице чие овластување е одземено поради неправилности наведени во ставовите (4) и (5) на овој член, не може да добие овластување согласно со одредбите од овој закон за вршење на работите за кои е донесено решение за одземање на овластување, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на овластувањето.

(9) Начинот и постапката за издавање, обновување, одземање на овластувањата, формата и содржината на образецот на овластувањата, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистарот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(10) Врз основа на добиено овластување А за вршење на работите на изведување, проектирање, ревизија, надзор на градби од членот 57 на овој закон, физичкото лице може да ги врши овие работи и за градби за кои согласно со овој закон е предвидено овластување Б.

Член 39-а

(1) По барањето од членовите 38 став (1) и 39 став (1) на овој закон надлежниот орган е должен во рок од 30 дена да издаде лиценца, односно овластување или да донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценца, односно овластување.

(2) Против решението за одбивање на барањето за издавање на лиценца, односно овластување може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспортот, врските и животната средина при Владата на Република Македонија.

Член 39-б

(1) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно Комората на овластени архитекти и овластени инженери не издаде лиценца, односно овластување или не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценца, односно овластување во рокот од членот 39-а став (1) на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно до писарницата на претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери за министерот, односно претседателот да издадат лиценца, односно овластување.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува и копија од барањето од членот 38 став (1) на овој закон, односно копија од барањето од членот 39 став (1) на овој закон.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно до писарницата на претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери да издаде лиценца, односно овластување или да донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на лиценца, односно

овластување. Доколку министерот, односно претседателот на Комората нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на надлежниот орган.

(5) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери не издаде лиценца, односно овластување или не донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на лиценца, односно овластување, во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во општината односно во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно Комората на овластени архитекти и овластени инженери, дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член и/или не поднел пријава согласно со ставот (9) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи

дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) од овој член, граѓанинот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, не одлучи во рок од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

(18) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член во “Службен весник на Република Македонија“ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

Член 40

За вршење на работите на внатрешно уредување на градбата како што е поставување на осветлување, молеро-фарбарски работи, поставување на паркет, плочки, поставување на врати и прозорци, водоинсталатерски работи, уредување на теренот, како и други занаетчиски работи, вршителот на овие работи треба да биде регистриран во Централниот регистар за вршење на соодветна дејност и не треба да има лиценца или овластување согласно со овој закон.

Член 41

Учесниците во изградбата на градби од членот 57 на овој закон можат да предвидат давање на банкарска гаранција чија висина ќе ја определат со меѓусебен договор, со која ќе гарантираат навремено и квалитетно извршување на работите, надоместување на евентуално причинета штета при вршењето на работите, како и навремена исплата за извршените работи.

Член 41-а

(1) Учесниците во изградбата на градби од член 57 на овој закон (инвеститор, правни лица за проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата) одговараат за штетата предизвикана на трети лица при извршување на нивната работа и договорните обврски.

(2) Правните лица за проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата се должни да имаат осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Македонија, која би можела со нивната работа да им се предизвика на инвеститорите или на трети лица.

(3) Годишната осигурана сума за вкупниот број на градби за учесниците во изградбата на градби од прва категорија од член 57 на овој закон не може да биде пониска од 10.000 евра во денарска противвредност, а за градбите од втора категорија не може да биде пониска од 5.000 евра во денарска противвредност.

## 7. Странски физички и правни лица

Член 42

(1) Странско правно лице може во Република Македонија да ги врши работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор пропишани со овој закон, доколку добие потврда за вршење на наведените работи од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот. За добивање на потврда, правното лице од држава која е членка на Европската унија треба да достави барање и докази со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште и дека има дозвола, односно лиценца за вршење на соодветните работи за видот на градбата, за кои бара потврда, а правно лице од држава која не е членка на Европската унија, треба да достави и листа на извршени работи. Доколку во државата не се издава дозвола односно лиценца, странското правно лице од држава членка на Европската унија е должно со барањето да достави доказ од надлежниот орган во таа држава дека согласно со нејзините прописи за вршење на соодветните работи не се издава дозвола, односно лиценца и доказ со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште, а правното лице од држава која не е членка на Европската унија, треба да достави и листа на извршени работи. Врз основа на доставените докази, органот на државната управа надлежен за вршење на работите за уредување на просторот, ќе издаде потврда кои работи, согласно со овој закон, странското правното лице може да ги врши во Република Македонија.

(2) Странско физичко лице кое има овластување од друга држава може да врши работи на проектирање, ревизија, изведување и надзор на градби во Република Македонија доколку овластувањето е потврдено од страна на Комората на овластени архитекти и инженери.

(3) Странско физичко лице може да ги врши работите од ставот (2) на овој член во правно лице регистрирано во Централниот регистар за вршење на тие работи.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член домашно и странско физичко лице може да ги врши работите на проектирање, ревизија и надзор над градби во Република Македонија и самостојно, доколку е избрано во постапка на јавна набавка за вршење на овие работи во проект финансиран од меѓународна организација и од Европската унија.

(5) Потврдувањето на овластувањето го врши Комисијата од членот 55 на овој закон, при што утврдува дали овластувањето на странско физичко лице соодветствува на овластувањата пропишани со овој закон. Доколку комисијата утврди дека овластувањето соодветствува, издава потврда за веродостојноста на истото и за видот на овластување кое странското физичко лице го стекнува во Република Македонија. За добивање на потврдата се плаќа надоместок согласно со ценовникот за јавни услуги од членот 109 став (1) точка 7 на овој закон.

(6) По исклучок странско правно и физичко лице можат да ги вршат работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор пропишани со овој закон доколку е склучен меѓудржавен договор за реципроцитет согласно со условите утврдени со договорот.

## IV. ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 43

(1) Проектна документација претставува севкупност на меѓусебно усогласени студии, проекти, елаборати, анализи, експертизи и друга документација, со која се утврдува концепцијата и се дефинира техничкото решение на градбата, се разработуваат условите и начините на изградбата и се обезбедуваат нејзината технолошка функција, предвидената трајност и услови за употреба.

(2) Според нивото на изработка проектот може да биде:

1) проект за подготвителни работи;

2) основен проект;

3) идеен проект;

4) проект на изведена состојба и

5) проект за употреба и одржување на градбата.

(3) Според намената проектот може да биде:

1) архитектонски;

2) градежен (статика со сеизмика);

3) електротехнички;

4) сообраќаен;

5) термотехнички и

6) други проекти и елаборати во зависност од намената на градбата.

(4) Проектите од ставовите (2) и (3) на овој член се изработуваат согласно стандардите и нормативите за проектирање и други технички прописи, со кои се утврдуваат основните параметри при проектирањето и архитектонското обликување на градбите.

(5) Стандардите и нормативите за проектирање од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

### Член 44

Проектната документација, односно одделните проекти задолжително имаат општ дел кој содржи:

1) име и потпис на проектантот, назив на градбата со точна локација, име, односно назив на инвеститорот, ознака и технички број на проектната документација за градбата по одделни фази и датум на изработка;

2) доказ за регистрација на правното лице каде што е заверена проектната документација со приоритетна дејност или главна приходна шифра и заверка со печат;

3) доказ за лиценца за проектирање за правно лице и за овластување за проектант;

4) проектна програма потпишана од инвеститорот, со која се утврдуваат архитектонските, техничко-технолошките и други услови за изработка на проектна документација и

5) образложение на проектот, предмер и проектантска пресметка на градежни работи.

Насловот пред член 45 и член 45 се избришани.

### Член 45-а

(1) Проект за инфраструктура се изработува за линиски инфраструктурни градби. Проектот содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи со текстуален дел и графички прилози и ја прикажува трасата на инфраструктурата.

(2) Проектот за инфраструктура содржи и студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина односно елаборат за заштита на животната средина одобрени од



www.pravdiko.com

надлежен орган, доколку со прописите од областа на животна средина е предвидено изработка на студија односно елаборат за таков вид на инфраструктура.

## 1. Проект за подготвителни работи

Член 46

Проектот за подготвителни работи во зависност од сложеноста и техничката структура на градбата е составен од:

- текстуален дел кој содржи опис на локацијата и начинот на снабдувањето на градилиштето со електрична енергија и вода, начинот на одведувањето на отпадните и загадени води од локалитетот на градилиштето, начинот на приклучувањето на градилиштето на постојните сообраќајници и начинот на третман на градежниот отпад (градежен шут) произведен на самото градилиште и
- графички прилог кој содржи шема на организација на градилиштето и начин на приклучување на градилиштето на постојните сообраќајници.

## 2. Основен проект

Член 47

(1) Основниот проект е збир на меѓусебно усогласени проекти со кои се дава техничко решение на градбата, се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и исполнувањето на основните барања за градбата и истиот се изработува врз основа на извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби врз основа на проект за инфраструктура изработен согласно со закон.

(2) Во случаите од членот 48-а став (3) од овој закон основниот проект се изработува врз основа на одобрениот идеен проект.

(3) Основниот проект содржи соодветни проекти од членот 43 став (3) на овој закон.

(4) Основниот проект содржи студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина односно елаборат за заштита на животната средина одобрени од надлежен орган, доколку со прописите од областа на животна средина е предвидено изработка на студија односно елаборат за таков вид на градба.

(5) Основниот проект за линиски инфраструктурни градби за кои е изработен проект за инфраструктура, не содржи студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина односно елаборат за заштита на животната средина одобрени од надлежен орган.

(6) Основниот проект освен за градби за индивидуално домување и јавни објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Член 48

(1) Основниот проект за реконструкција содржи проект на постојна состојба и проект за реконструкција.

(2) Проектот на постојна состојба содржи снимка на постојната состојба и проверка на исполнување на основните барања за градбата.

(3) Проектот за реконструкција во зависност од видот на реконструкцијата и намената на градбата содржи потребни одделни проекти од членот 43 став (3) на овој закон.



www.pravdiko.com

**3. Идеен проект**

Член 48-а

(1) Идеен проект е збир на меѓусебно усогласени графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалните и техничките решенија на градбата и се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и истиот се изработува врз основа на изводот од урбанистичкиот план, планската документација, односно проектот за инфраструктура.

(2) Идејниот проект во зависност од сложеноста и техничката структура на градбата, може да содржи и други нацрти и документи од значење за изработката на идејниот проект (опис на технолошката постапка и технолошка шема, опис на примена на одредена технологија на градење и слично).

(3) Инвеститорот пред поднесување на барањето за издавање на одобрение за градење може до надлежниот орган од членот 58 од овој закон да достави и идеен проект за градбата, со барање за одобрување на истиот.

(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член се доставуваат три примероци од идејниот проект и извод од детален урбанистички план или урбанистички план за надвор од населено место или урбанистички план за село или државна, односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби проект за инфраструктура заверен од надлежен орган.

(5) Во случаите од ставот (3) на овој член надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен во рок од десет работни дена да утврди дали проектот е изработен согласно со изводот од урбанистичкиот план, планската документација, односно проектот за инфраструктура, како и прописите за проектирање на објекти, по што го одобрува проектот со ставање заверка и печат на истиот или доставува известување до барателот за констатираните недостатоци.

Член 48-б

(1) Доколку општината, општината во градот Скопје, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот не го одобри идејниот проект, односно не достави известување за констатирани недостатоци во рокот од членот 48-а став (5) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до архивата на градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, за градоначалникот, односно министерот да го одобри проектот.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува и копија од барањето од членот 48-а став (3) од овој закон.

(4) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член до архивата на градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот да го одобри идејниот проект или да достави известување за констатирани недостатоци.



www.pravdiko.com

Доколку градоначалникот, односно минситерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на општината, општината во градот Скопје,односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.

(5) Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот не го одобри идејниот проект или недостави известување за констатирани недостатоци во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во општината, општината во градот Скопје, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање да го одобри идејниот проект или да достави известување за констатирани недостатоци и да го извести инспекторот за постапувањето.

(8) Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за постапувањето. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член и/или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во



www.pravdiko.com

надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи во рок од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

Членот 49 е избришан.

Насловот пред член 50 и членот 50 се избришани.

**4. Проект на изведена состојба**

Член 51

(1) Проект на изведена состојба е проект со којшто се прикажува фактичката состојба на изградената градба согласно со членот 69 од овој закон.

(2) Проектот на изведена состојба го изготвува правно лице со лиценца за проектирање и служи како основа за изработка на проектот за употреба и одржување.

(3) Во случај кога градбата е изградена во согласност со основниот проект, без измени, основниот проект истовремено претставува и проект на изведената состојба и истиот треба да е одобрен и заверен од надзорниот инженер.

**5. Проект за употреба и одржување**

Член 52

(1) Со проектот за употреба и одржување се утврдуваат оптимално техничко-технолошки и функционални услови со кои се обезбедува проектираната трајност на одделни делови, односно на градбата во целина и особено содржи вид, начин, намена и рокови на периодична проверка во утврдени временски интервали, на состојбата на конструктивниот систем, опремата, уредите и инсталациите, периодично следење во утврдени интервали со анализа на влијанијата на технолошкиот процес, на климатски влијанија, како и други влијанија врз носивоста и стабилноста на одделни елементи, односно конструкцијата во целина, роковите за тековен, односно генерален ремонт на постројки, уреди, опрема и инсталации, како и роковите за задолжителна замена на одделни елементи, уреди, опрема, инсталации и други делови на градбата.



www.pravdiko.com

(2) Проектот за употреба и одржување се изработува за градби од прва категорија од член 57 на овој закон.

### 6. Изработување и чување на проектна документација

Член 53

(1) Проектната документација се изработува на хартија спакувана во А-4 формат или на друг соодветен материјал за цртање, односно пишување, како и во електронски запис, со што се овозможува нејзина примена.

(2) Проектната документација заедно со одобрението за градење е документација од трајна вредност и надлежните органи се должни да ја чуваат согласно со закон.

Член 54

Содржината, означувањето, начинот на заверката на проектите од страна на одговорните лица, како и начинот на користење на електронските записи, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

### 7. Утврдување на усогласеност на проектна документација (нострификација)

Член 55

(1) Проектите изработени според странски прописи се усогласуваат со прописите за градење на Република Македонија со утврдување на усогласеност на проектите - нострификација.

(2) Проектите од ставот (1) на овој член пред да се нострифицираат инвеститорот ги приложува преведени на македонски јазик и на неговото кирилско писмо, како и на друг службен јазик различен од македонскиот јазик, согласно со закон. Со преводот се приложува и изворниот текст на странскиот јазик.

(3) Нострификацијата на проектите ја спроведува Комората на овластени архитекти и инженери преку комисија составена од најмалку три члена, која ја формира претседателот на Комората на овластени архитекти и инженери. Член на комисијата може да биде лице кое има овластување пропишано со овој закон.

(4) Нострификацијата која ја прави Комората треба да биде завршена во рок не подолг од 60 дена.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член составува писмен извештај, го заверува проектот и дава согласност за нострификација со која се потврдува дека проектната документација ги исполнува условите предвидени со прописите за градење на Република Македонија.

(6) Постапката за нострификација, содржината на писмениот извештај, согласноста за нострификација, начинот на заверување на проектите од страна на комисијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

## V. ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 56

(1) Изведувањето на градби од членот 57 на овој закон може да започне со издавањето на одобрение за градење кое е правосилно во управната постапка.



www.pravdiko.com

(2) Градбите и деловите од градби изградени без одобрение за градење се бесправни градби. Деловите од градбата изградени спротивно на заверениот проект и одобрението за градење се основ за ништовност на одобрението за градење.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член надлежниот орган што го издал одобрението за градба донесува акт за ништовност на одобрението за градење, кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања и предбележувања поврзани со недвижноста.

## 1. Категоризација на градби

Член 57

(1) Градби од прва категорија се: нуклеарни електрани, термоцентарали и хидроцентрали со капацитет од и над 1 МВ, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1 MW, трафостаници со напонско ниво од и над 35 КВ, нафтоводи, продуктоводи, магистрални гасоводи, магистрални топловоди, гасоводни мерни станици, оптички кабли за потребите на државните органи, државни патишта, придружно услужни објекти на државни патишта утврдени со закон, железнички пруги, железнички станици на железнички пруги, аеродроми, депонии за неопасен отпад и депонии за опасен отпад, брани со акумулации,градби за базна и хемиска индустрија, градби за црна и обоена металургија, градби за производство на целулоза и хартија, градби за преработка на кожа и крзно, градби за преработка на каучук, барут и експлозивна муниција, градби за складирање на експлозивни средства, складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање од и над 1.000 тони, градби за санација на свлечишта, градби кои би можеледа ја загрозат животната средина, градби за потребите на државните органи и агенциите и фондовите основани од Република Македонија, градби за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации, туристички развојни зони и градбите во овие зони, технолошки индустриски развојни зони формирани од Владата на Република Македонија и од правни лица и градбите во овие зони, градби за високо образование, опсерватории, национални установи од областа на културата, градби кои претставуваат заштитено недвижно културно наследство согласно со закон, меморијални споменици, градби наменети за терцијална здравствена заштита, телекомуникациски центри за прием на сателитски сигнали, градби за потребите на граничните премини, регионални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување, регионални депонии, жичари, градби предвидени на подрачје на две или повеќе општини, градби во кои постојат инсталации за производство на топлинска енергија, езерски и речни пристаништа, стадиони и спортски сали со капацитет над 10.000 гледачи.

(2) Градби од втора категорија се: градби наменети за основно и средно образование, градби од областа на културата, градби за потребите на органите на општините и градот Скопје, градби наменети за примарна и секундарна заштита, градби за потребите на верските заедници, индустриски градби, стопански градби, деловни градби, станбено-деловни градби, градби за индивидуално домување, викенд куќи, градби за колективно домување, градби за потребите на агроберзи, трговски центри, хотели, рекреативни центри, градби за научно-истражувачката дејност, катни гаражи, пазари, општински патишта, придружно услужни објекти на општински патишта и улици утврдени со закон, електронски комуникациски мрежи и средства, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет до 1 МВ, ветерници, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 1 MW, далноводи со напонско ниво до 35 КВ,

трафостаници со напонско ниво до 35 КВ, складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1.000 тони, секундарна гасоводна мрежа, секундарна топловодна мрежа, трамвајски пруги, градби за противпожарна заштита, градби за ветеринарна заштита, детски градинки, градби во подрачје на национални паркови и парк шуми, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази, локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување, градби кои се во функција на заштита и промоција на природното наследство (информативни центри), депонии за интерен отпад (градежен шут), рудници и градби за потребите на рудници,автокампови и градби за потребите на автокампови, објекти за складирање, третман и/или преработка на отпад, меѓуградски автобуски станици, зоолошки градини, стадиони и спортски сали со капацитет под 10.000 гледачи, отворени спортски игралишта, базени на ниво на теренот за јавна употреба, јавни паркови, јавни паркиралишта и ски-лифтови.

## 2. Надлежни органи за издавање одобрение за градење

Член 58

(1) Градбите од прва категорија од членот 57 на овој закон се градби од значење за Републиката и одобрение за градење издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(2) Градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон се градби од локално значење и одобрение за градење издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член одобрение за градење за градбите во технолошките индустриски развојни зони формирани од Владата на Република Македонија и од правни лица, кои ги градат корисниците во технолошките индустриски развојни зони, издава Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член постапката за издавање на одобрение за градење за магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје, како и за линиските инфраструктурни објекти чија изградба согласно со Законот за градот Скопје е во надлежност на градот Скопје, ја спроведува градот Скопје и одобрението за градење го издава градоначалникот на градот Скопје.

(5) Доколку со урбанистичкиот план или државната односно локалната урбанистичка планска документација е планирана повеќенаменска градба во која се предвидени градби од прва и втора категорија од член 57 на овој закон, одобрение за градење издава органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

(6) Примерок од прависилното одобрение за градење кое го донесува органот на државна управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот, односно Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно градот Скопје, се доставува до единицата на локална самоуправа на чие подрачје ќе се гради градбата, во рок од пет дена од правосилноста на одобрението за градење.

## 3. Постапка за издавање одобрение за градење

Член 59

(1) Постапката за издавање на одобрение за градење се води согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.



www.pravdiko.com

(2) За добивање на одобрение за градење инвеститорот поднесува писмено барање до надлежниот орган од членот 58 на овој закон со следната документација :

- извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби проект за инфраструктура заверен од надлежен орган;

- архитектонско-урбанистички проект заверен од надлежен орган доколку со урбанистичкиот план или државната односно локалната урбанистичка планска документација е предвидена изработка на овој проект;

- основен проект во три примероци со извештај за ревизија на основниот проект или писмен извештај со согласност за нострификација на основниот проект доколку истиот е изработен во странство;

- идеен проект доколку истиот претходно е доставен и одобрен согласно со член 48-а од овој закон;

- доказ за право на градење и

- геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште.

(3) Доколку е поднесено барање за одобрение за градење за придружно услужни објекти на државни односно општински патишта утврдени со закон покрај доказите од став (2) на овој член барателот доставува и решение за трајна измена на режим на сообраќај од надлежен орган.

(4) Доколку е поднесено барање за одобрение за градби кои претставуваат заштитно недвижно културно наследство согласно со закон покрај доказите од став (2) на овој член се доставува и конзерваторско одобрение издадено од Управата за заштита на културно наследство.

(5) Доколку е поднесено барање за одобрение за градење за градби за производство на електрична и топлинска енергија покрај доказите од член (2) на овој закон се доставува и овластување за изградба на градби за производство на електрична и топлинска енергија од надлежен орган.

(6) Доколку е поднесено барање за одобрение за градење на електронски комуникациски мрежи и средства, покрај доказите од став (2) на овој член се доставува и нотификација за пренос на електронски податоци издадена од Агенцијата за електронски комуникации.

(7) Доколку е поднесено барање за одобрение за градење на депонии за опасен отпад, депонии за неопасен отпад и депонии за интерен отпад, покрај доказите од став (2) на овој член се доставува и решение со кое се одобрува основање на депонија издадено од надлежен орган.

(8) Надлежниот орган од член 58 на овој закон е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето да ја разгледа доставената документација и да утврди дали истата е комплетна, дали основниот проект е изработен во согласност со прописите за проектирање, урбанистичкиот план или државната односно локалната урбанистичка планска документација или проектот за инфраструктура и дали барателот е единствен носител на правото на градење.

(9) Доколку доставената документација е комплетна и се исполнети условите од став (8) на овој член, надлежниот орган е должен во рокот од став (8) на овој член да го завери основниот проект и да достави до барателот известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште. За градбите од прва категорија, надлежниот орган по заверката на основниот проект истиот го доставува до соодветната општина заради изготвување на пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште.



www.pravdiko.com

(10) Доколку доставената документација не е комплетна и/или не се исполнети условите од став (8) на овој член, надлежниот орган е должен во рокот од став (8) на овој член да донесе заклучок за прекинување на постапката и да го задолжи барателот да ги отстрани констатираните недостатоци и да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.

(11) Доколку барателот не ги отстрани констатираните недостатоци и не го дополни барањето во рокот од став (10) на овој член, надлежниот орган е должен да донесе решение за одбивање на барањето за одобрение за градење во рок од седум дена од истекот на рокот за дополнување, а доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци и го дополни барањето во рокот од став (10) на овој член, надлежниот орган е должен да достави до барателот известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, во рок од два дена од комплетирањето на документацијата.

(12) Одобрение за градење не може да се издаде ако не е платен надоместокот за уредување на градежно земјиште освен ако инвеститорот и општината склучат договорот за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати или склучат договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок или донесен е акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот или инвеститорот доставил банкарска гаранција за плаќање на надоместокот или инвеститорот да востановил хипотека во корист на општината.

(13) Одобрението за градење се издава во рок од пет работни дена од доставување на доказ за платен надоместок за уредување на градежно земјиште односно од денот на склучување на договорот за начинот на плаќање на надоместокот или договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок, односно од денот на донесувањето на акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот или од денот на доставување на банкарска гаранција за плаќање на надоместокот или доставување доказ за востановена хипотека во корист на општината.

(14) Формата и содржината на барањето за одобрение за градење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(15) Надлежниот орган од член 58 на овој закон, кој го издал одобрението за градење е должен на инвеститорот да му достави пресметка за плаќање на трошоците за запишување на објектот во јавните книги на недвижности во рок од седум работни дена од денот на издавањето на одобрението за градење.

(16) Надлежниот орган во постапката за издавање на одобрение за градење не може да побара од барателот друга документација, освен документацијата предвидена со овој закон.

(17) За линиски инфраструктурни објекти коишто се државни патишта, локални патишта и улици, одобрение за градење може да се издаде доколку инвеститорот достави доказ за право на градење согласно со членот 59-а став (1) од овој закон за најмалку 90% од вкупната површина на градежната парцела, со обврска да ги регулира имотноправните односи за целата градежна парцела, најдоцна до поднесување на барањето за одобрението за употреба, односно изготвување на извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер.

Член 59-а

Доказ за право на градење во смисла на овој закон се смета:

- имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп или право на службеност на градежното земјиште;

- договор за пренесување на правото на градење на предметното градежно земјиште;

- договор за концесија или договор за јавно приватно партнерство;
- одлука на Владата на Република Македонија со која државен орган, агенција или фонд основани од Владата на Република Македонија или единица на локална самоуправа се стекнале со право на градење;
- договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот, доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост и
- имотен лист со запишано право на сопственост на Република Македонија или конечно решение за експропријација или имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп или право на службеност на градежното земјиште доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби.

Член 59-б

За градби наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 не е задолжителна ревизија на основниот проект и надзор над изградбата на градбата а изведувачот е должен да даде изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба.

Член 59-в

(1) По прием на барањето за одобрение за градење надлежниот орган од член 58 од овој закон е должен во рок не подолг од еден работен ден, да достави писмено барање до субјектите надлежни за електроенергетска, водоводна и канализациона инфраструктура да извршат увид во основниот проект, во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид.

(2) Субјектот надлежен за електроенергетска инфраструктура е должен да изврши увид во основниот проект и во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид да достави мислење дали објектот за кој е доставено барањето за одобрение за градење може да се приклучи на соодветниот електроенергетски систем.

(3) Субјектите надлежни за водоводна и канализациона инфраструктура во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид се должни да извршат увид во основниот проект и да се произнесат на записник дали се исполнети хидротехничките услови односно да дадат забелешки доколку истите не се исполнети. Записникот се потпишува од страна на службеното лице и претставникот на субјектот а примерок од истиот се доставува до барателот кој е должен да постапи по дадените забелешки во рокот од член 59 став (10) на овој закон.

(4) Доколку со основниот проект се предвидува приклучување на градбата за која е поднесено барање за одобрение за градење на топловодна и гасоводна инфраструктура надлежниот орган од членот 58 на овој закон е должен да достави писмено барање до субјектите надлежни за топловодна и гасоводна инфраструктура да извршат увид во основниот проект, во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид. Субјектите надлежни за топловодна и гасоводна инфраструктура во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид се должни да извршат увид во основниот проект и да се произнесат на записник дали се исполнети условите за приклучување на топловодната и гасоводната инфраструктура односно да дадат забелешки доколку истите не се исполнети. Записникот се потпишува од страна на службеното лице и претставникот на субјектот а примерок од истиот се доставува до барателот кој е должен да постапи по дадените забелешки во рокот од член 59 став (10) на овој закон.



www.pravdiko.com

(5) Доколку се работи за изградба на магацини за складирање на експлозивни материи, магацини, склад или резервоар за складирање на запални течности и гасови, преточувалиште, станица за снабдување со гориво, нафтовод или гасовод, вклучувајќи го складот, постројката или уредот што е технолошки сврзан со нафтоводот или гасоводот се доставува писмено барање за увид во основниот проект и до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од обласа на внтарешните работи, кој е должен да изврши увид и во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид да даде согласност или да даде забелешки на записник доколку не се исполнети условите за согласност. Записникот се потпишува од страна на службеното лице и претставникот на органот а примерок од истиот се доставува до барателот кој е должен да постапи по дадените забелешки во рокот од член 59 став (10) на овој закон.

(6) Доколку се работи за изградба на градби за кои основниот проект согласно член 47 став (5) содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, се доставува писмено барање за увид во основниот проект и до Дирекцијата за заштита и спасување, која е должна да изврши увид и во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид да даде согласност на елаборатот или да даде забелешки на записник доколку не се исполнети условите за согласност. Записникот се потпишува од страна на службеното лице и претставникот на Дирекцијата, а примерок од истиот се доставува до барателот кој е должен да постапи по дадените забелешки во рокот од член 59 став (10) на овој закон.

(7) Доколку се работи за изградба на електронски комуникациски мрежи и средства, се доставува писмено барање за увид во основниот проект и до Агенцијата за електронски комуникации, која е должна да изврши увид и во рок од пет дена од денот на прием на барањето за увид да даде согласност или да даде забелешки на записник доколку не се исполнети условите за согласност. Записникот се потпишува од страна на службеното лице и претставникот на Агенцијата а примерок од истиот се доставува до барателот кој е должен да постапи по дадените забелешки во рокот од член 59 став (10) на овој закон.

(8) Доколку субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член не постапат согласно овој член, се смета дека немаат забелешки и ако поради нивното непостапување во иднина настанат штети, обврската за надомест на штета ќе биде на товар на субјектот чие непостапување ја предизвикало штетата.

Член 59-г

Заштитно-конзерваторски услови во постапката за издавање на одобрение на градење се определуваат само доколку во урбанистичкиот план нема вградено заштитноконзерваторски основи.

Член 59-д

(1) Надлежниот орган кој го издал одобрението за градење е должен во рок од три дена од правосилноста на одобрението за градење, да достави примерок од истото со примерок од заверениот основен проект до надлежниот орган за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите заради прибележување во јавната книга во која е запишано правото врз земјиштето и примерок до надлежниот градежен инспектор.

(2) Кога одобрението за градење се издава на повеќе инвеститори во одобрението се наведуваат сите инвеститори во идеални или реални делови, врз основа на правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски за градба, заверено кај нотар.

(3) Одредбите од овој закон се однесуваат и на постапката за издавање на одобрение за градење на странски држави за потребите на нивните дипломатско-конзуларни претставништва, доколку со меѓународен договор поинаку не е уредено.



www.pravdiko.com

Член 59-ѓ

(1) Доколку градоначалникот на општината, односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не го издаде одобрението за градење, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на одобрението во рокот од членот 59 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на градоначалникот на општината, односно до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, за градоначалникот на општината, односно министерот да издаде одобрение.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува и копија од барањето од членот 59 став (2) на овој закон.

(4) Градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на градоначалникот на општината, односно писарницата на министерот, да издаде одобрение или да донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на одобрението. Доколку градоначалникот, односно министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на надлежниот орган.

(5) Доколку градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не издаде одобрение, односно не донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на одобрение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во општината, односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.



www.pravdiko.com

(9) Доколку градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член и/или не поднел пријава согласно со ставот (9) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку градоначалникот на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи во рок од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

(18) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член во “Службен весник на Република Македонија“ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

Член 59 - е

(1) Надлежниот орган од членот 58 на овој закон може да ја спроведе постапката за добивање на одобрение за градење и на електронски начин.

(2) Начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на уредување на просторот.



www.pravdiko.com

Член 60

(1) Начинот и постапката за уредување на градежното земјиште се врши согласно со Законот за градежно земјиште и прописите кои произлегуваат од овој закон.

(2) Доколку надлежниот орган не го уреди градежното земјиште согласно со договорот за уредување на градежно земјиште, инвеститорот не сноси последици за ненавременото завршување на градбата.

Член 61

Доколку надлежниот орган издаде одобрение за градење спротивно на овој закон или не издаде одобрение за градење односно не го одбие барањето за одобрение за градење во рокот од член 59 на овој закон, одговорното односно службеното лице, подлежат на кривична одговорност согласно Кривичниот законик.

Член 62

(1) Одобрението за градење се издава за целата градба и на име на инвеститорот, а може да се издаде и за дел од градбата, ако делот од градбата претставува посебна градежно-техничка и функционална целина.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член и членот 71 став (1) од овој закон, на барање на инвеститорот, одобрение за градење за линиски инфраструктурни градби може да се издаде и за делови од градбата кои не се функционална целина, доколку истите претставуваат градежно-техничка целина.

(3) Одобрение за градење кое е издадено спротивно на одредбите од овој закон е ништовно. Органот кој издал одобрение за градење кое е огласено за ништовно ги сноси трошоците за враќање на просторот во состојбата во која бил пред издавањето на одобрението за градење, а инвеститорот има право на надомест на штета и надомест на изгубена добивка од органот.

(4) Во случаите кога одобрението за градење е огласено за ништовно согласно со членовите 66 став (2) и 67 ставови (3) и (7) од овој закон, органот кој го издал одобрението за градење не ги сноси трошоците за враќање на просторот во состојбата во која бил пред издавањето на одобрение за градење и инвеститорот нема право на надоместок на штета и изгубена добивка од органот.

(5) Формата и содржината на образецот на одобрението за градење ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 62-а

(1) Надлежниот орган што го донел одобрението за градење е должен во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење да ги извести непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, за издаденото одобрение за градење и дека во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење можат да извршат увид во документацијата.

(2) Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

Член 62-б

Одобрение за доградба и надградба може да се издаде и за објект на кој има изградени делови, односно нивоа кои не претставуваат функционална целина, доколку за постојниот објект е издадено решение за утврдување на правен статус согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти, а со планската документација со која е

извршено вклопување на делот од објектот за кој е донесено решение за утврдување на правен статус предвидени се услови за идна градба.

Член 63

При доградба и надградба на објект се спроведува истата постапка предвидена за добивање на одобрение за градење пропишана со овој закон.

Член 64

(1) Ако заради изградба е потребно инвеститорот да отстрани изградена градба или нејзини делови, а истите се наоѓаат во рамките на површината за градење, е должен тоа да го стори по правосилноста на одобрението за градење врз основа на посебен елаборат за начинот на отстранување на постојната градба, во која ќе бидат дадени решенија за третманот на градежниот шут создаден од отстранувањето на порано изградената градба.

(2) Ако градбите од ставот (1) на овој член се наоѓаат надвор од површината за градење, а во рамките на градежната парцела, градителот е должен да ги отстрани најдоцна до издавањето на одобрението за употреба.

Член 65

(1) Против одобрението за градење издадено од органот на државна управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот, односно Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони може да се изјави жалба во рокот определен во член 62-а на овој закон до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а против одобрението за градење издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје може да се изјави жалба во рокот определен во член 62-а на овој закон до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот.

(2) Против решението за одбивање на барањето за одобрение за градење на органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, односно Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а против решението за одбивање на барањето за одобрение за градење на градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот е должен да одлучи по поднесената жалба во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата.

(4) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи по поднесената жалба во рокот од ставот (3) на овој член, жалителот може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена. Формата и содржината на известувањето од овој став ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(5) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој член да изврши надзор во Министерството за транспорт и врски дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира жалителот за преземените мерки.



www.pravdiko.com

(6) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба, односно да ја уважи или одбие и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба.

(7) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи во рокот од ставот (6) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ќе одлучи по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (7) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(9) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(10) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (9) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот од ставот (4) на овој член и/или не поднел пријава согласно со ставот (8) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закони во рок од три работни од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(12) Во случајот од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(13) Во случаите од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(14) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (10) од овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(15) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот не одлучи во рокот од ставот



www.pravdiko.com

(7) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(16) Постапката пред Управниот суд е итна.

(17) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (4) на овој член во "Службен весник на Република Македонија" истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

Член 65-а

(1) Инвеститорот може да започне со изградба на градбата врз основа на правосилно одобрение за градење.

(2) По исклучок од став (1) на овој член инвеститорот на сопствена одговорност и ризик може да започне со изградба и врз основа на конечно одобрение за градење.

(3) Доколку одобрението за градење не е правосилно, поради тоа што жалителот започнал управен спор, а инвеститорот не започнал со изградба на градбата пред одобрението за градење да стане правосилно, инвеститорот има право да бара надомест на штета и надомест на изгубена добивка од жалителот доколку тужбеното барање и/или жалбеното барање од надлежните судови се одбиени како неосновани и/или недопуштени.

Член 66

(1) Одобрението за градење престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот кога одобрението за градење станало правосилно.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член надлежниот орган што го издал одобрението за градење донесува акт за ништовност на одобрението, кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања и предбележувања поврзани со недвижноста.

(3) Доколку градбата започнала да се гради по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, се смета дека градењето е бесправно.

Член 67

(1) Инвеститорот е должен писмено да го пријави започнувањето на изградбата до надлежниот орган од членот 58 на овој закон, градежната инспекција и инспекцијата на трудот, пред започнувањето на изградбата.

(2) Во известувањето од ставот (1) на овој член инвеститорот е должен да ги назначи изведувачот и правното лице за вршење надзор со определен надзорен инженер. Доколку во текот на градењето се промени изведувачот или правното лице за вршење на надзор, односно определениот надзорен инженер, инвеститорот е должен во рок од седум дена од настанатата промена да го извести надлежниот орган од ставот (1) на овој член за настанатата промена. За градби наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 не е задолжително назначување на правно лице за вршење на надзор со определен надзорен инжињер во известувањето од ставот (1) од овој член.

(3) Доколку инвеститорот не постапи согласно со ставовите (1) и (2) од овој член, надлежниот орган што го издал одобрението за градба донесува акт за ништовност на одобрението кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања и предбележувања поврзани со недвижноста.

(4) Во случај на прекинување на изградбата инвеститорот е должен да преземе мерки за обезбедување на градбата, на соседните градби и на земјиштето.

(5) Советот на општината, односно советите на општините на градот Скопје, со одлука можат да определат временски период во текот на календарската година во кој не можат



www.pravdiko.com

да се градат градби, односно да се изведуваат градежни работи на одредено туристичко подрачје. Инвеститорот е должен да ја усогласи изградбата, односно изведувањето на градежните работи, во согласност со одлуката.

(6) По исклучок советот на општината, односно советите на општините на градот Скопје можат да го утврдат изгледот на една или повеќе градби во определено подрачје на територијата на општината, доколку утврдат дека тоа е од значење за општината, при што донесуваат програма која се состои од податоци и насоки за изгледот на градбата, односно градбите и графички приказ на утврдениот изглед.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член инвеститорот е должен изгледот на градбата да го усогласи со програмата, во спротивно надлежниот орган што го издал одобрението за градење донесува акт за ништовност на одобрението кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања и предбележувања поврзани со недвижноста.

(8) При изградба на градбите чиј изглед е утврден согласно со ставот (6) на овој член, општината е должна да го ослободи инвеститорот 50% од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 4. Рок за изградба

Член 68

(1) Инвеститорот е должен градбата да ја изгради во определен рок.

(2) Рокот за изградба се определува во зависност од видот на градбата, односно:

1) градбите од прва категорија треба да се изградат во рок не подолг од десет години од денот кога одобрението за градење станало правосилно;

2) градбите од втора категорија треба да се изградат во рок не подолг од шест години од денот кога одобрението за градење станало правосилно.

## 5. Измени во текот на изградбата

Член 69

(1) Во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, доколку со измените не се влијае на исполнување на кое било основно барање за градбата и не се менува усогласеноста на градбата со параметрите од урбанистичкиот план или државната, односно локалната урбанистичка планската документација или проектот за инфраструктура. За вршење на измени инвеститорот е должен да поднесе барање кон кое приложува дополнување на основниот проект и само оние потврди и согласности пропишани со посебен закон чие прибавување произлегува од бараната измена.

(2) Измените се одобруваат со решение кое е составен дел на издаденото одобрение за градење.

(3) Надлежниот орган од членот 58 на овој закон со решение ќе го одбие барањето, ако утврди дека со бараното дополнување на дел од основниот проект се менува усогласеноста на градбата со параметрите од урбанистичкиот план или државната односно локалната планска документација или проектот за инфраструктура или се нарушува механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита.

(4) На дополнувањето на проектот, согласност дава проектантот на основниот проект и истото се заверува со потпис на овластено лице и печат на надлежниот орган од членот 58 на овој закон.

(5) При одобрување на измена на градбата, проектот на изведена состојба се изработува согласно со дополнетиот основен проект.



www.pravdiko.com

(6) Примерок од решението од ставовите (2) и (3) на овој член се доставува до надлежната градежна инспекција. Примерок од решението и од изменетиот, односно дополнетиот основен проект заверен од органот од членот 58 на овој закон инвеститорот го доставува и до надлежниот орган за запишување на правата на недвижностите, заради предбележување на изменетите податоци во листот за предбележување на градба. По одобрување на измените, односно дополнувањата на основниот проект инвеститорот е должен да изврши измени и дополнувања во актите/правните дела сврзани со градбата, а прибележани во листот за предбележување на градба и истите да ги достави до надлежниот орган за запишување на правата на недвижностите заради прибележување на настанатите промени во листот за предбележување на градба.

(7) Против решението од ставовите (2) и (3) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување по жалба од членот 65 на овој закон.

(8) Формата и содржината на барањето и образецот на решението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

## 6. Промена на инвеститор

Член 70

(1) Доколку во текот на градењето се смени инвеститорот, за настанатата промена новиот инвеститор е должен, во рок од 15 дена од настанатата промена, да го извести органот надлежен за издавање на одобрението за градење и со известувањето да достави доказ дека има статус на инвеститор. На новиот инвеститор со решение ќе му се признае статус на инвеститор на градба, само доколку со преземањето на правото за градење ги преземе и правата и обврските кои претходниот инвеститор ги имал со учесниците во градењето (управителот на градбата, правните лица за вршење на работите на проектирање, ревизија, надзор и изведувачот), како и доколку ги преземе правата и обврските кои претходниот инвеститор ги имал како резултат на склучени договори за хипотека и други правни дела за промет на градбата или делови од градбата прибележани во листот за предбележување на градба, во спротивно по изградбата нема да му се издаде одобрение за употреба на градбата на негово име, односно нема да се изготви извештај за извршен технички преглед од страна на надзорен инженер. Исто така во овој случај надзорниот инженер не смее да изготви извештај за извршен технички преглед, а за градбите за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 изведувачот не смее да даде изјава со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба.

(2) Промените во актите кои се издаваат од надлежните органи во врска со градењето настанати заради промените во правните односи на учесниците во градењето и тоа во врска со стекнувањето на право на градба, сопственост на градба и преземањето на правата и обврските од инвеститорот се вршат само врз основа на потврдени правни работи или конечни акти на државни органи, подобни за запишување на права врз недвижности во јавната книга на недвижностите, со прибележување.

(3) Со промена на инвеститорот новиот инвеститор е должен веднаш актот со кој е извршена промена на одобрението за градење да го достави до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности заради прибележување на промената на инвеститорот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

(4) Промената на инвеститорот може да се поднесе до издавањето на одобрението на употреба, односно до изготвувањето на извештајот за извршениот технички преглед, а за градбите за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2, пред



www.pravdiko.com

давањето на изјава од страна на изведувачот од членот 59-б од овој закон, со која потврдува дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба.

(5) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до надлежниот орган за одлучување по жалба од членот 65 на овој закон.

**7. Одобрение за градење на дел или делови од градба**

Член 71

(1) Одобрение за градење, може на барање на инвеститорот да се издаде и за еден или повеќе нејзини делови, ако претставуваат градежна и функционална целина, како фазна градба.

(2) Барањето за издавање на одобрение за градење на дел од градба го поднесува инвеститорот со документацијата предвидена согласно со членот 59 од овој закон, во кој случај основниот проект се изработува само за делот од градбата кој претставува посебна градежно-техничка и функционална целина.

**8. Одобрение за подготвителни работи**

Член 72

(1) За изградба на градби по потреба можат да се изведат подготвителни работи. Подготвителни работи се вршат по добиено одобрение за подготвителни работи. Инвеститорот поднесува писмено барање за добивање на одобрение за подготвителни работи. Со одобрението за подготвителни работи се организира градилиштето со поставување на градби, кои се во функција на изградбата на градбата.

(2) Градби за вршење на подготвителни работи се:

- ограда за оградување на градилиштето,
- асфалтна база, сепарација на агрегати, погон за производство на бетон,
- далновод и трансформаторска станица која е потребно да се изгради заради напојување на градилиштето со електрична енергија,
- инсталација за довод и одвод на вода,
- градби за сместување на работници и за градежни производи,
- магацини за складирање на запаливи течности и експлозивни средства и
- други градби кои се потребни за изградба на градбата.

(3) Со барањето од ставот (1) на овој член се приложуваат проект за подготвителни работи, согласности, мислења и докази за регулирани имотно-правни односи за земјиштето на кое ќе бидат поставени градбите за подготвителни работи.

(4) Градбите од ставот (2) на овој член се од времен карактер и не се предвидуваат со урбанистички план, а изведувачот е должен да ги отстрани и земјиштето соодветно да го уреди најдоцна до поднесувањето на барањето за одобрение за употреба.

(5) Одобрението од ставот (1) на овој член го издава надлежниот орган од членот 58 на овој закон со одредување рок за нивно отстранување.

(6) Ако инвеститорот не прибави одобрение за градење во рок од една година од денот на добивањето на одобрението за подготвителни работи, добиеното одобрение престанува да важи и инвеститорот е должен веднаш да ги отстрани поставените градби за подготвителни работи и земјиштето соодветно да го уреди.

(7) Примерок од издаденото одобрение за подготвителни работи од ставот (1) на овој член, односно решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за



www.pravdiko.com

подготвителни работи од ставот (1) на овој член се доставува и на надлежната градежна инспекција.

(8) Против одобрението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на издавањето на одобрението до надлежниот орган за одлучување по жалба од членот 65 на овој закон.

## 9. Градби за кои не е потребно одобрение за градење

Член 73

(1) Одобрение за градење не е потребно за следниве градби:

- мерни станици за заштита на медиумите на животната средина,
- привремени градби наменети за истражувачки дејности (градби за вршење истражувачки мерења, природни ресурси, мерни станици за ветер, сонце, воздух, бушотини, ископи и слично) кога постои одлука на надлежен орган, за периодот од најмногу три години, по кој период треба да се отстранат,
- градби во функција на градобијна одбрана и градба за сигнализација во воздушниот сообраќај,
- некатегоризиран пат кој служи за стопанисување со шуми и користење на други природни ресурси одобрени со посебен пропис,
- споменици, спомен обележја и скулптури,
- гробница и споменици на гробни места во рамките на гробиштата утврдени со урбанистички план,
- градби со кои се овозможува и олеснува движењето на лица со инвалидност до и во градбата,
- при вградување и замена на опрема во градба која е во употреба заради проширување на капацитетот на градбата, а со која не се менува намената на градбата и просторијата во која е сместена опремата, ниту се менуваат општите услови за заштита и спасување предвидени со основниот проект за градбата,
- телекомуникациска опрема за интерен пренос на говор и слика, опрема во функција на заштита на градбата од кражби, заштита и спасување,
- огради,
- електронска комуникакциска опрема за пренос на слика, говор и други податоци која се поставува на објекти,
- потпорни ѕидови;
- помошни градби кои се во функкација на објект за домување или друг вид на објект и се градат на иста урбанистичка парцела (гаража со бруто развиена површина до 50м2, остава, септичка јама и сл.)
- настрешници во функција на објектот,
- базени на ниво на терен за индивидуална употреба;
- оптички кабли;
- опрема за автоматско регулирање на премин преку постојни железнички пруги и инсталации за автоматско следење и управување на сообраќајот на постојни железнички пруги;
- електронска комуникациска опрема за следење и регулирање на сообраќајот на постојни улици и
- рекламни и информативни паноа кои се поставуваат на објекти.

(2) За градбите од ставот (1) алинеја 6 на овој член не се применуваат одредбите од членот 74 на овој закон, а истите се градат согласно со Законот за гробишта и погребални услуги.

Член 74

(1) За изведување на градбите, односно поставување на опремата од членот 73 на овој закон инвеститорот поднесува барање со документација утврдена во прописот од став (2) на овој член до општината на чија територија треба да се изведе градбата, односно да се постави опремата. Доколку се исполнети условите за изведување на градбата, односно поставување на опремата градоначалникот на општината донесува решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(2) Формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите за уредување на просторот.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

(4) Доколку надлежниот орган од ставот (1) на овој член не донесе решение за изведување на градбата или поставување на опремата, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во ставот (1) на овој член, инвеститорот може да поднесе барање до градоначалникот на општината согласно со член 59-ѓ на овој закон.

**10. Посебни случаи на изградба**

Член 75

(1) Во случај на опасност од природни појави или од воени и други разурнувања, кои непосредно можат да ги загрозат луѓето и добрата, во текот на тие опасности и непосредно после нивното престанување, без одобрение за градење можат да се изградат оние градби кои служат за спречување на дејството на тие опасности, односно отстранување на штетните последици.

(2) Градбите од ставот (1) на овој член мора да се отстранат најдоцна една година од денот на престанувањето на опасноста.

Член 76

Во случај на оштетување на објекти под дејство на природни појави или од воени и други разурнувања, градбата во зависност од степенот на оштетувањето може да се врати во поранешна состојба без одобрение за градење, а во согласност со одобрението за градење, односно одобрениот проект врз основа на кој е изграден. Во случај кога се работи за градба запишана во Националниот регистар на културно наследство потребно е да се побара одобрение според прописите од областа на заштитата на културното наследство.

Член 77

(1) Објектот може да се врати во поранешна состојба врз основа на проект за обновување, а надлежниот орган од членот 58 од овој закон ќе го смета за обновен, ако неговиот сопственик достави:

1) еден примерок од проектот за обновување;

2) еден примерок од одобрението за градење, односно одобрениот проект врз основа на кој бил изграден објектот;

3) записник за примопредавање на обновената градба со завршен извештај од надзорен инженер со потврда дека објектот е обновен во согласност со проектот за обновување и

4) копија од катастарски план.



www.pravdiko.com

(2) Објектот чие одобрение за градење или друга соодветна дозвола, односно документација е уништена или е недостапна во случаите од членот 76 на овој закон ќе се смета за обновен, ако неговиот сопственик достави:

1) еден примерок од проектот за обновување;

2) записник за примопредавање на обновената градба со завршен извештај од надзорен инженер со потврда дека објектот е обновен во согласност со проектот за обновување и

3) копија од катастарскиот план.

(3) Градбата од ставовите (1) и (2) на овој член се смета за употреблива градба.

Член 78

(1) Проектот за обновување на објектот или на дел од објектот, содржи техничко решение и опис за начинот на обновување на објектот или негов дел, прикажано како постојна состојба и обновена состојба, со што нема да се влијае на стабилноста на земјиштето или на исполнување на основните барања на соседните објекти, како и транспортот и згрижувањето на градежниот отпад што се отстранува и уредувањето на градежна парцела.

(2) На проектот за обновување од ставот (1) на овој член се врши ревизија согласно со членот 21 од овој закон.

## 11. Времени објекти и урбана опрема

Член 79

(1) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишна програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се постават времени објекти, кој треба да е градежно незиградено земјиште, сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за кој е донесена урбанистичко планска документација.

(2) Програмата од ставот (1) се донесува од страна на советот на општината, односно советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје по добиена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Програмата се состои од графички и текстуален дел. Текстуалниот дел содржи податоци за просторот за поставување на времениот објект, површината и висината на времениот објект и за видот на дејноста која ќе се извршува. Графичкиот дел се состои од приказ на постоечката и планираната состојба.

(3) По одобрување на програмата од ставот (1) на овој член, надлежниот орган за спроведување на постапката за давање на градежно земјиште под краткотраен закуп согласно со Законот за градежно земјиште, спроведува постапка за доделување под краткотраен закуп на градежното земјиште опфатено со програмата.

(4) Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на годишната програма за времени објекти и ги изработуваат надлежните органи од ставот (1) на овој член и врз основа на истите се изработува геодетскиот елаборат.

(5) Времените објекти се поставуваат по добиено одобрение за поставување на времен објект, кое го издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје на лицата кои склучиле договор за краткотраен закуп за предметното земјиште.

(6) Со барањето за поставување на времен објект се поднесува:

- договор за краткотраен закуп на градежното земјиште склучен согласно со закон,
- имотен лист за предметното земјиште и
- идеен проект за поставување на времен објект изработен согласно со микролокациските услови.

(7) Издавање на одобрение за поставување на времени објекти без дадена согласност на програмата од ставот (1) на овој член и/или спротивно на законските прописи, претставува основ за одземање на надлежноста за издавање на одобрение за поставување на времени објекти.

Член 80

(1) Урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје.

(2) Урбана опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општината, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје.

Член 80-а

(1) За поставување на урбана опрема - рекламни и информативни паноа, како и рекламни и информативни паноа кои се поставуваат на објекти согласно со членот 74 од овој закон, советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје донесуваат програма со која се утврдува бројот видот и големината на паноата како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.

(2) Советите на општините во градот Скопје, програмата од ставот (1) на овој член ја донесуваат по претходно позитивно мислење од градот Скопје.

Член 81

(1) Со одобрението за поставување на времен објект и одобрението за поставување на урбана опрема се утврдуваат условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на времениот објект, односно урбана опрема.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот донесува Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и ја пропишува формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и одобрението за поставување на урбана опрема.

(3) Надлежните органи од членот 79 став (1) на овој закон се должни да водат регистар на издадени одобренија за поставување на времени објекти и урбана опрема.

VI. ГРАДИЛИШТЕ

**1. Формирање и уредување на градилиште**

Член 82

(1) Пред почетокот на изведувањето на земјаните работи на градежната парцела, инвеститорот е должен да обезбеди обележување на проектираната градба на терен, со соодветни знаци од страна на трговец поединец, односно трговско друштво за геодетски работи кое изготвува геодетски елаборат за обележување на проектираната градба.

(2) Начинот на обележување на проектираната градба на терен ќе го пропише министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 83

(1) Изведувачот е должен градилиштето да го загради заради спречување на неконтролиран пристап во градилиштето со соодветна ограда на начин што работата во градилиштето нема да ги загрози минувачите.

(2) На градилиштето кое се протега на поголем простор (железнички пруги, патишта, далноводи и слично), деловите од градилиштето кои не можат да се оградат, мора да бидат заштитени со одредени сообраќајни знаци или означени на друг начин.

(3) Градилиштето мора да биде означено со информативна табла која задолжително треба да содржи име, односно назив на учесниците во изградбата, назив и вид на градбата која се гради, надлежниот орган од членот 58 на овој закон, број и датум на издаденото одобрение за градење, како и назнаката дека се работи за заштитено недвижно културно наследство согласно со закон, ако таа градба е запишана во Националниот регистар на културно наследство.

Член 84

(1) Изведувачот е должен при привремено зафаќање на соседното, односно околното земјиште за потребите на градилиштето да постапува согласно со закон.

(2) За привремено зафаќање на јавни сообраќајни површини за потребите на градилиштето, изведувачот е должен да прибави акт од надлежен орган согласно со закон.

Член 85

(1) Градбите за подготвителни работи и поставената опрема на градилиштето мора да одговараат на основните барања за градбата.

(2) Градбите од ставот (1) на овој член, непотрошените градежни и други материјали, отпадот и слично, мора да бидат отстранети во рокот утврден во одобрението за подготвителни работи од членот 72 на овој закон.

**2. Документација на градилиште**

Член 86

Изведувачот на градбата е должен да ја има следнава документација:

1) решение за упис во Централниот регистар и соодветна лиценца издадена согласно со овој закон;

2) потврда за определен инженер за изведба и надзорен инженер на градилиштето;

3) одобрение за градење со основен проект;

4) извештај за извршена ревизија од ревидентот;

5) градежен дневник и градежна книга;

6) доказ за пропишан квалитет за вградените градежни производи, како и докази за потекло на градежно - техничкиот камен, градежниот песок и чакал;

7) елаборат за заштита при работа;

8) комплетни податоци за учесниците во изградбата и

9) друга документација ако со друг закон е пропишана обврска дека изведувачот треба да ја има на градилиштето.

VII. ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА

Член 87

(1) Градбата ќе се стави во употреба по издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од член 57 на овој закон, по изготвување на извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се



www.pravdiko.com

стави во употреба за градбите од втора категорија, а градбите наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 ќе се стават во употреба по давање на изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност од изведувачот со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба.

(2) Одобрението за употреба за градбите од прва категорија од членот 57 на овој закон го издава надлежниот орган од членот 58 на овој закон кој го издал одобрението за градење, откако по техничкиот преглед ќе се утврди дека градбата е изградена во согласност со основниот проект или со проектот на изведена состојба доколку се извршени измени во текот на изградбата.

(3) Постапката за издавање одобрение за употреба се спроведува согласно со Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(4) Одобрението за употреба на објектот му се издава на инвеститорот врз основа на доказ од јавната книга за запишување на правата на недвижностите - имотен лист со запишано право на сопственост, други стварни права и сите предбелешки и прибелешки или друг доказ за стекнато право на градење согласно со закон.

(5) Против одобрението за употреба, односно против решението со кое се одбива барањето за издавање одобрение за употреба издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението, односно приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Примерок од одобрението за употреба за градба се доставува до надлежната градежна инспекција, а за градба во која има засолниште се доставува и до органот надлежен за вршење на работите од областа на заштитата и спасувањето, заради водење на евиденција на засолништа.

(7) Кога одобрението за градење гласи на повеќе лица - инвеститори, во одобрението за употреба односно до изготвувањето на извештајот за извршен технички преглед од надзорниот инженер се наведуваат сите лица, а деловите на секој се изразуваат во идеални делови (дропки) или реални делови врз основа на одредбите од договорот за уредување на меѓусебните односи и делови во врска со градбата, потврден од нотар, а приложен во постапката за издавање на одобрение за градење.

(8) Во случаите од членот 62 став (2) од овој закон градбата се става во употреба, односно се издава одобрение за употреба или се изготвува извештај за технички преглед од надзорен инженер само за целата градба, откако ќе бидат изградени сите делови од градбата и градбата ќе претставува градежно-техничка и функционална целина.

(9) Формата и содржината на одобрението за употреба ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

## 1. Барање за издавање одобрение за употреба

Член 88

(1) Барањето за издавањето на одобрение за употреба го поднесува инвеститорот.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член инвеститорот поднесува:

- основен проект, а доколку се извршени измени во текот на изградбата проект на изведена сосотојба;

- завршен извештај на надозорен инженер со кој е потврдено дека градбата е изградена согласно основниот проект и одобрението за градење и

- извадок од јавната книга за запишување на правата на недвижностите за последната состојба на запишаните права на градбата (имотен лист), заради утврдување на правниот однос во врска со градбата меѓу инвеститорот и сопственикот на земјиштето.

## 2. Технички преглед

Член 89

(1) Надлежниот орган од членот 58 на овој закон е должен по приемот на барањето за издавање на одобрение за употреба да изврши технички преглед на градбата.

(2) Во случај на непотполно барање надлежниот орган е должен во рок од седум дена од приемот на барањето да побара дополнување.

(3) Техничкиот преглед на градбата го врши комисија во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на потполно барање. Комисијата е составена од најмалку три члена и нивни заменици, со овластување за надзорен инженер издадено согласно со овој закон, во зависност од категоријата на градбата на која се врши технички преглед, а за електронските комуникациски мрежи и средства, потребно е во комисијата да има најмалку два члена од Агенцијата за електронски комуникации.

(4) Комисијата за технички преглед на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(5) За градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон, техничкиот преглед го врши надзорниот инженер за што изготвува извештај за извршен технички преглед. Извештајот се доставува до општината каде што е изграден објектот заедно со геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности согласно со пресметката од членот 59 став (15) на овој закон.

(6) За градбите наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 не се врши технички преглед а изведувачот е должен да даде изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба. Изјавата со која се потврдува дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба се доставува до општината каде што е изграден објектот заедно со геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности согласно пресметката од член 59 став (15) на овој закон.

Член 90

(1) Надлежниот орган од членот 58 на овој закон го организира техничкиот преглед и ги известува учесниците во изградбата за местото, денот и часот на вршењето на техничкиот преглед.

(2) Комисијата што врши технички преглед за својата работа составува записник во кој констатира дали:

- дали градбата е изградена согласно основниот проект или проектот на изведена состојба и одобрението за градење,

- градбата е со фасада и може да се употребува,

- има одредени недостатоци кои мораат да бидат отстранети за да може да се издаде одобрение за употреба и

- има недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата кои се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита и ќе предложи за таа градба да не се издаде одобрение за употреба.



www.pravdiko.com

(3) Надзорниот инженер кој врши технички преглед за градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон, во извештајот за извршен технички преглед констатира дали градбата е изградена согласно основниот проект или проектот на изведена состојба и одобрението за градење, дали градбата е со фасада и може да се употребува, дали има одредени недостатоци кои мора да бидат отстранети и дали има одредени недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата кои се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита поради кои градбата не може да се стави во употреба.

(4) Во случаите од членот 59 став (17) од овој закон Комисијата, односно надзорниот инженер што врши технички преглед, задолжително констатира дали инвеститорот ги регулирал имотноправните односи за целата градежна парцела, а доколку истите не се целосно регулирани, градбата не може да се стави во употреба.

(5) Формата и содржината на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер за градбите од втора категорија ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 90-а

Доколку при вршењето на техничкиот преглед Комисијата, односно надзорниот инженер што врши технички преглед, констатира дека не постојат докази за потекло на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал, должни се за тоа да го известат надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење, како и Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Член 91

Изведувачот е должен на денот на одржување на техничкиот преглед, на комисијата од член 89 од овој закон односно на надзорниот инженер кој треба да изврши технички преглед да ја даде на увид целокупната документација наведена во членот 86 на овој закон.

Член 92

(1) Инвеститорот е должен на своја сметка да ги надомести трошоците за извршување на техничкиот преглед.

(2) Начинот на вршење на техничкиот преглед го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(3) Висината на трошоците за техничкиот преглед од ставот (1) на овој член на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ја пропишува Владата на Република Македонија.

Член 92-а

(1) Постапката за поврзувањето на објектот со водоводна и канализациона мрежа ја спроведува единицата на локална самоуправа на чие подрачје е изграден објектот.

(2) Објект кој е изграден без одобрение за градење не може да се поврзе за техничката инфраструктура (електроенергетска, водоводна, канализациона, патна и слично).

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член објект кој е изграден без одобрение за градење може да се поврзе со техничката инфраструктура, доколку за истиот е издадена урбанистичка согласност или решение за утврдување на правен статус на бесправен објект согласно со Законот за утврдување на правен статус на бесправни објекти.



www.pravdiko.com

(4) Општината е должна да ја започне постапката за поврзување на објектот со водоводна и канализациона мрежа во рок од три работни дена од денот на приемот на известување од надзорниот инженер, а за објектите за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 од изведувачот, доколку не е определен надзорен инженер.

**3. Издавање одобрение за употреба**

Член 93

(1) Надлежниот орган од членот 58 на овој закон ќе издаде одобрение за употреба за градбата во рок од 15 дена од денот на извршениот технички преглед, ако комисијата која го извршила техничкиот преглед во записникот констатира дека градбата може да се даде во употреба.

(2) Доколку комисијата при вршењето на техничкиот преглед утврди недостатоци поради кои не може да се даде одобрение за употреба, писмено ќе ги извести инвеститорот за нивно отстранување во рок не подолг од 30 дена.

(3) Барањето за издавање на одобрение за употреба надлежниот орган ќе го одбие со решение ако во определениот рок од ставот (2) на овој член не се отстранат недостатоците утврдени при вршењето на технички преглед.

Член 94

(1) Одобрение за употреба за градба од прва категорија од членот 57 на овој закон, може на барање на инвеститорот да се издаде и за еден или повеќе нејзини делови, ако претставуваат градежна и функционална целина, како фазна градба.

(2) За градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон, на барање на инвеститорот, може да се изготви извештај за извршен технички преглед за еден или повеќе делови за градбата, ако претставуваат градежна и функционална целина како фазна градба.

**4. Примопредавање на изведена градба**

Член 95

По издавањето на одобрение за употреба од надлежниот орган од членот 58 на овој закон, односно по изготвување на извештајот за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер, односно по давање на изјава од изведувачот за објектите за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 изведувачот и инвеститорот вршат примопредавање на градежниот објект и за тоа составуваат записник за примопредавање на изведена градба како градежен објект.

**5. Упис на недвижности во јавна книга**

Член 96

(1) Постапката за запишување на објектот во јавната книга на недвижности ја спроведува надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење.

(2) За градбите од прва категорија органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот е должен во име и за сметка на инвеститорот да достави барање за запишување на градежниот објект во јавната книга на недвижности, до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности, во рок од три работни дена од денот на прием на геодетски елаборат за извршен премер на објектот

и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности од страна на инвеститорот согласно пресметката од членот 59 став (15) на овој закон.

(3) За градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон, општината е должна во име и за сметка на инвеститорот да достави барање за запишување на градежниот објект во јавната книга на недвижности, до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности, во рок од три работни дена од денот на прием на извештајот на надзорниот инженер со геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности од страна на инвеститорот согласно пресметката од членот 59 став (15) од овој закон, а за објектите за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 во рок од три работни дена од денот на приемот на изјава од изведувачот со геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности од страна на инвеститорот согласно пресметката од членот 59 став (15) од овој закон.

(4) Надлежниот орган за запишување на правата на недвижности, градежниот објект ќе го запише во јавната книга на недвижности по поднесено барање од органите од ставовите (2) и став (3) на овој член кон кое се поднесува основен проект или проект на изведена состојба доколку се извршени измени во текот на изградбата, геодетски елаборат од извршен премер на објектот, како и одобрение за употреба за градбите од прва категорија од членот 57 на овој закон, извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер за градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон, односно изјава заверена од нотар дадена под полна материјална и кривична одговорност од изведувачот со која е потврдено дека објектот е изграден во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба, за градбите наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2.

## VIII. УПОТРЕБА, ОДРЖУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖЕН ОБЈЕКТ

### 1. Употреба на градежен објект, пренамена, адаптација и реконструкција

Член 97

(1) Објектот се употребува согласно со неговата намена.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, посебен дел од објект, стан или дел од стан, може да се пренамени за вршење на деловна дејност и обратно по барање на сопственикот и под услови утврдени со овој закон.

(3) Сопственикот на посебен дел од објект, стан или дел од стан за пренамената потребно е до надлежниот орган од членот 58 на овој закон да достави барање за одобрение за пренамена при што со барањето поднесува:

- доказ за правото на сопственост на посебниот дел од објектот, односно станот или делот од стан,
- согласност на мнозинството сопственици на становите во влезот на зградата,
- основен проект за предвидената пренамена, адаптација со пренамена или за реконструкција со пренамена, со извршена ревизија, во два примероци,
- извод од урбанистички план со кој се потврдува дека објектот од ставот (2) на овој член е предвиден со важечкиот урбанистички план,
- мислења и согласности предвидени со посебните закони во зависност од пренамената и
- доказ за регулиран надоместок за уредување на градежното земјиште.

(4) За реконструкција на објект или дел од објект сопственикот на објектот до надлежниот орган од членот 58 на овој закон поднесува барање за одобрение за реконструкција при што со барањето поднесува:

- доказ за правото на сопственост на посебниот дел од објектот, односно станот или делот од стан,

- основен проект за предвидената реконструкција на објектот со извршена ревизија во два примерока,

- извод од урбанистички план со кој се потврдува дека објектот од ставот (2) на овој член е предвиден со важечкиот урбанистички план,

- мислења и согласности предвидени со посебните закони во зависност од реконструкцијата и

- доказ за регулиран надоместок за уредување на градежното земјиште.

(5) Доколку при вршење на адаптција и реконструкција на посебен дел од објект, стан или дел од стан се врши и пренамена, сопственикот на посебен дел од објект, стан или дел од стан е должен до надлежниот орган да поднесе барање за одобрение за адаптација со пренамена или реконструкција со пренамена и ги доставува доказите пропишани во ставот (3) на овој член.

(6) За адаптација на посебен дел од објект, стан или дел од стан, сопственикот на посебен дел од објект, стан или дел од стан, е должен до надлежниот орган да поднесе проект за адаптација кој содржи постојна состојба и нова состојба што се предвидува со адаптација, со барање за одобрување на проектот. По барањето надлежниот орган донесува решение за одобрување на проектот за адаптација или решение за одбивање на барањето за одобрување на проектот. Адаптација може да се изврши само доколку е донесено решение за одобрување на проектот. Примерок од проектот за адаптација и правосилното решение за одобрување на проектот се доставуваат до надлежниот орган за запишување на правата на недвижностите.

(7) Постапката за издавање на одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена се спроведува согласно со Законот за општата управна постапка. Надлежниот орган е должен да донесе акт по поднесените барања за пренамена, реконструкција, адаптација, адаптација со пренамена и реконструкција со пренамена во рок од седум работни дена од денот на поднесувањето на барањето, а доколку не донесе акт во овој рок, барателот може да поднесе жалба за молчење на администрација согласно со членот 61 на овој закон.

(8) Против одобрението за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и решението за одобрување на проектот за адаптација, односно против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и решението со кое се одбива барањето за одобрување на проектот за адаптација издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението, односно приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(9) Против одобрението за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и решението за одобрување на проектот за адаптација, односно против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и решението со кое се одбива барањето за одобрување на проектот за адаптација издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението,



www.pravdiko.com

односно решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(10) Примерок од издадените управни акти од овој член се доставува до градежната инспекција.

## 2. Одржување на градежен објект

Член 98

(1) Сопственикот на објектот е должен преку тековно и инвестиционо одржување да ги сочува основните барања за градбата, во согласност со проектот за употреба и одржување.

(2) За работите од ставот (1) на овој член сопственикот на објектот може да определи правно лице - управител за тековно и инвестиционо одржување на објекти од прва и втора категорија (освен за станбени објекти над три нивоа) од членот 57 на овој закон.

(3) Управител на одржување може да биде правно лице регистрирано во Централниот регистар за вршење на соодветна дејност и кое има лиценца за управител на одржување.

(4) Со барањето за добивање на лиценца од ставот (3) на овој член правното лице е должно да достави:

- доказ дека е регистрирано за вршење на соодветна дејност и
- доказ дека има вработено најмалку две лица од кои едно лице со овластување А за инженер за изведба или овластување А за надзорен инженер, а едно лице со овластување Б за инженер за изведба или овластување Б за надзорен инженер.

## 3. Отстранување на објект

Член 99

(1) Отстранување на објект или негов дел се врши во случај на оштетување на објектот ако постои опасност за негово уривање.

(2) Сопственикот на објектот е должен и да преземе итни мерки за отстранување на објектот односно да го означи објектот како опасен со соодветни ознаки, да постави заштитна ограда до отстранувањето на опасноста и да поднесе барање за добивање на одобрение за отстранување до надлежниот орган од членот 58 на овој закон.

(3) Ако сопственикот на објектот не ги изврши работите од ставот (2) на овој член тоа ќе го изврши надлежниот орган од членот 58 на овој закон.

(4) Кон барањето за одобрение за отстранување се доставува:

- доказ за сопственост на објектот и
- проект за отстранување на објект или негов дел.

(5) Постапката за издавање на одобрение за отстранување се спроведува согласно со Законот за општата управна постапка.

(6) Надлежниот орган од ставот (2) на овој член по службена должност прибавува согласност или мислење од други органи за условите за оцена и отстранување на објектот, кои се должни најдоцна во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето да ја достават согласноста или мислењето, односно да го одбијат или отфрлат барањето за издавање на согласност, во спротивно ќе се смета дека дале согласност, односно позитивно мислење.

(7) Отстранување на објект се врши по добивање на одобрение за отстранување издадено од надлежниот орган од членот 58 на овој закон за градби од прва и втора категорија од членот 57 на овој закон.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, без одобрение за отстранување можат да се отстранат градбите од членот 73 на овој закон.

(9) Ако сопственикот на објектот не постапи согласно со одобрението за отстранување, отстранувањето ќе го изврши надлежниот орган од членот 58 на овој закон, на трошок на сопственикот на објектот.

(10) Барање за издавање на одобрение за отстранување на објект или негов дел можат да поднесат и други заинтересирани лица. Надлежниот орган е должен да утврди дали барањето е основано и доколку истото е основано, писмено го известува сопственикот на објектот за започнување на постапка за отстранување во рок од најмногу 30 дена. Доколку сопственикот на објектот не поднесе барање за добивање на одобрение за отстранување, надлежниот орган ќе донесе одобрение за отстранување и отстранувањето ќе го изврши на трошок на сопственикот на објектот.

(11) Против одобрението за отстранување издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен а против одобрението за отстранување издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(12) Начинот и постапката за означување на објектот, поставување на заштитна ограда, видот на ознаките и отстранување на објектот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 100

(1) Проектот за отстранување на објект или на негов дел содржи техничко решение и опис за начинот на отстранување на објектот или негов дел, со што нема да се влијае на стабилноста на земјиштето или на исполнување на основните барања на соседните објекти, како и транспортот и згрижувањето на градежниот отпад што се отстранува и уредување на градежна парцела по отстранувањето на објект или негов дел.

(2) На проектот за отстранувањето од ставот (1) на овој член се врши ревизија согласно со членот 21 од овој закон.

(3) Трошоците за отстранување на објектот или на негов дел и трошоците за расчистување на теренот ги сноси сопственикот на објектот.

Член 100 - а

(1) Со отстранување на објект или на негов дел согласно со членот 99 од овој закон, престанува правото на сопственост, подоблиците на правото на сопственост (сосопственост и заедничка сопственост), другите стварни права, како и други права и факти чие запишување е утврдено со закон.

(2) На барање на надлежниот орган од членот 58 од овој закон, кон кое се приложува правосилно одобрение за отстранување на објект или негов дел и геодетски елаборат за запишување на промена во јавната книга за запишување на правата на недвижности, органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите, ќе ги избрише запишаните права од ставот (1) на овој член од катастарот на недвижности.

Член 101

За реконструкција, реконструкција со пренамена и адаптација со пренамена како и за отстранување на градби кои се наоѓаат во простор ограден за потребите на одбраната не е потребно одобрение.



www.pravdiko.com

## IX. КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

### Член 102

(1) Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: Комората) ги застапува, усогласува и заштитува интересите на овластените архитекти и овластени инженери и ги заштитува интересите на трети лица при вршењето на работите од страна на овластените архитекти и овластени инженери.

(2) Правото на употреба на професионален назив овластен архитект и овластен инженер се стекнува со добивање овластување согласно со овој закон и со запишување во соодветен именик на Комората.

### Член 103

(1) Комората е самостојна, струкова, непрофитна и независна организација со својство на правно лице.

(2) Седиштето на Комората е во Скопје.

(3) Комората има свој печат, знак, грб и свој жиг.

(4) Комората се запишува во Трговскиот регистар.

(5) Работењето на Комората е јавно при што јавноста на работата на Комората се обезбедува преку постојано информирање на членовите за работата на Комората, на начин утврден со Статутот на Комората.

### Член 104

(1) Комората врши јавни овластувања утврдени со овој закон и за истите води евиденција.

(2) Јавните овластувања од ставот (1) на овој член се состојат во издавање акти кои се јавни исправи, и тоа:

1) овластување за проектирање, ревизија на проектна документација, надзор над изградбата за градби и за раководење со изградбата за градби од членот 57 на овој закон;

2) потврда за овластување на странски архитект или инженер за работи на проектирање, ревизија на проекти, надзор над изградбата за градби од членот 57 на овој закон и за раководење со изградбата на градбата и

3) нострификација на проекти изработени во странство.

### Член 105

(1) Надзорот над вршењето на јавните овластувања од членот 104 на овој закон го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот преку:

- укажување на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на Комората,

- давање препораки за доследно спроведување на законските прописи во делот на извршувањето на јавни овластувања и

- давање мислења и стручна помош.

(2) Ако Комората не ги отстрани недостатоците од ставот (1) алинеја 1 на овој член или воопшто не ги извршува своите надлежности согласно со овој закон повеќе од шест месеца тие се одземаат или ограничуваат од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Одземените и/или ограничените надлежности ги врши органот за вршење на работите од областа на уредување на просторот, во име и за сметка на Комората, најмногу една година од денот на нивното одземање, односно ограничување.

(3) За вршењето на јавните овластувања Комората поднесува годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 106

Членовите на Комората ги остваруваат своите интереси во Комората непосредно во професионални одделенија и посредно преку избрани претставници во Собранието на Комората како и преку други облици на организирање согласно со Статутот на Комората (во натамошниот текст: Статутот).

## 1. Органи на Комората

Член 107

(1) Органи на Комората се Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и претседател и потпретседател на Комората.

(2) Претседателот на Комората, потпретседателот на Комората, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор се со мандат од четири години со право на повторен избор.

Член 108

(1) Собранието на Комората е највисок орган на Комората.

(2) Собранието на Комората го сочинуваат претставниците на професионалните одделенија на Комората, кои се избрани од членовите на Комората.

(3) Претседавач на Собранието и негов заменик се избираат од редот на претставниците од ставот (2) на овој член, со мандат од две години. Функцијата претседавач на Собранието е неспоива со која било друга функција во Комората.

(4) Во Собранието треба да биде обезбедена соодветна застапеност на професионалните одделенија, според бројот на членовите на одделенијата.

(5) Собранието на Комората одржува седница најмалку еднаш годишно, а претседавачот на Собранието е должен да закаже седница на Собранието, заради итно решавање на одредени прашања по писмено барање од:

- претседателот на Комората,
- потпретседателот на Комората,
- Управниот одбор,
- едно одделение на Комората и
- најмалку една четвртина од вкупното членство на Комората.

(6) Претседавачот е должен седницата да ја закаже во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето од ставот (5) на овој член.

(7) Собранието на Комората може да работи ако на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број на претставниците од ставот (2) на овој член, при што одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните претставници.

Член 109

Собранието на Комората ги врши следниве работи:

1) донесува Статут и други општи акти утврдени со овој закон и Статутот;

2) утврдува годишен извештај за работата за претходната година и донесува програма за работа за идната година;

3) донесува годишна пресметка и план за извршување на пресметката;

4) ја утврдува висината на членарината;

5) го избира претседателот на Комората, потпретседателот на Комората членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, притоа имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници;

6) донесува деловник за работа на Собранието на Комората;

7) донесува ценовник за јавни услуги и тарифник за извршени услуги;

8) донесува Кодекс на професионална етика на овластени архитекти и овластени инженери и

9) извршува и други работи утврдени со овој и друг закон и со Статутот.

Член 110

Ценовникот за јавни услуги се донесува по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот и истиот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 111

(1) Управниот одбор го сочинуваат претседателот и потпретседателот на Комората и раководителите на професионалните одделенија.

(2) Претседател на управниот одбор е и претседател на Комората.

(3) Потпретседателот на Управниот одбор е и потпретседател на Комората.

(4) Претседателот на управниот одбор може во секое време да закаже седница на Управниот одбор. Претседателот на Комората е должен да закаже седница на Управниот одбор заради итно решавање на одредени прашања по писмено барање од Надзорниот одбор на Комората, претседателот на некое професионално одделение или најмалку една четвртина од членовите на Управниот одбор на Комората, во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Член 112

Управниот одбор на Комората ги врши следниве работи:

1) донесува деловник за работа на Управниот одбор;

2) донесува одлуки од својот делокруг на работа;

3) ги спроведува одлуките и заклучоците на Собранието;

4) ги утврдува предлозите на статутот и другите акти кои ги донесува Собранието;

5) донесува правилник за организација и систематизација на стручната служба на Комората;

6) предлага одлуки, заклучоци, ставови и дава мислења за прашањата за кои расправа Собранието и

7) врши други работи утврдени со Статутот.

Член 113

(1) Надзорниот одбор го сочинуваат претседател, два члена и нивни заменици, кои ги избира Собранието на Комората.

(2) Членови на Надзорниот одбор не можат да бидат претседателот на Комората и членовите од Управниот одбор.

Член 114

Надзорниот одбор ги врши следниве работи:

1) надзор над спроведувањето на Статутот и другите општи акти на Комората и остварувањето на правата и обврските на членовите на Комората;

2) надзор над материјалното и финансиското работење на Комората и располагањето со средствата на Комората и

3) надзор над работата на стручната служба на Комората, во согласност со Статутот и другите општи акти.

Член 115

(1) Претседателот на Комората го избираат членовите на Собранието на Комората од редот на професионалните одделенија.

(2) Секое професионално одделение може да предложи најмногу еден кандидат за претседател, а за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на Комората.

(3) Функцијата претседател на Комората е професионална.

(4) Претседателот на Комората ја застапува Комората, закажува седници на Управниот одбор и претседава со нив, ги спроведува одлуките и заклучоците на Собранието на Комората, е одговорен за законското работење на Комората и со право да учествува во работата на седниците на професионалните одделенија, без право на одлучување.

Член 116

Комората ја сочинуваат професионални одделенија како основен облик на професионално поврзување и организирање на членовите на Комората, за унапредување на одредени дејности.

Член 117

(1) Во Комората се основаат следниве одделенија:

1) Одделение на архитекти;

2) Одделение на градежни инженери;

3) Одделение на машински инженери;

4) Одделение на електроинженери;

5) Одделение на инженери по геологија и

6) Одделение на сообраќајни инженери.

(2) По потреба, покрај одделенијата од ставот (1) на овој член во Комората можат да се формираат и други одделенија со одлука на Управниот одбор.

Член 118

(1) Со одделението раководи раководител на одделението, а во случај на негово отсуство или спреченост негов заменик.

(2) Во одделението од ставот (1) на овој член се формира најмалку еден одбор, а по потреба може да се формираат и повеќе одбори.

Член 119

(1) Одделенијата на првата седница избираат раководители и заменици на раководители од редот на своите членови.

(2) Раководителот и заменикот ги подготвуваат, свикуваат и водат седниците на одделението и ги застапуваат интересите на одделението пред Комората.

(3) Раководителот на одделението со писмено овластување од претседателот на Комората може да ја застапува Комората за прашања од нејзиниот делокруг.

Член 120

Стручните, административните, помошните и другите работи во Комората ги врши стручна служба на Комората со која раководи генерален секретар на Комората.



www.pravdiko.com

## 2. Акти на Комората

Член 121

Со Статутот поблиску се уредуваат:

1) организацијата на Комората;

2) правата, обврските и одговорностите на Комората;

3) претставувањето и застапувањето на Комората;

4) јавноста во работењето;

5) постапката за донесување на општи и поединечни акти;

6) постапката за запишување во имениците на Комората;

7) мирувањето и престанувањето на членство во Комората;

8) начинот на водење на имениците;

9) правата и должности на овластени архитекти и овластени инженери;

10) дисциплинската постапка за утврдување на повреда на должноста и угледот од страна на овластени архитекти и овластени инженери;

11) дисциплинските мерки;

12) телата за покренување и водење на дисциплинската постапка; 13) организацијата на стручната служба на Комората и

14) други прашања од значење за Комората.

Член 122

Со Кодексот на професионална етика се утврдуваат начелата, правилата и должностите на кои членовите се должни да се придржуваат.

Член 123

(1) Комората води именик на:

1) овластени архитекти;

2) овластени инженери;

3) бироа (сопствено или заедничко) и

4) проектантски друштва.

(2) Иденикот од ставот (1) на овој член е јавна книга. Извод издаден врз основа на податоците од именикот е јавен документ.

(3) Именикот од ставот (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

## 3. Постапка за запишување во именикот

Член 124

(1) Овластените архитекти и овластените инженери својството член на Комората го стекнуваат со запишување во Именикот на овластените архитекти и Именикот на овластените инженери.

(2) Право на запишување во Именикот на овластени архитекти и Именикот на овластени инженери има лице кое ги исполнува следниве услови:

1) државјанин на Република Македонија и

2) има добиено овластување согласно со овој закон.

(3) Барањето за запишување во имениците од ставот (1) на овој член се доставува до Управниот одбор на Комората.

(4) Запишување во именикот од ставот (1) на овој член се врши врз основа на решение кое го донесува Управниот одбор на Комората.

(5) Барање за запишување во соодветниот именик се одбива со решение, ако лицето кое поднело барање не ги исполнува условите од ставот (2) на овој член.

(6) Жалба против решението од ставот (1) на овој член, во рок од осум дена од денот на приемот на решението, може да се поднесе до Комисија за решавање на жалби во втор степен при Комората чии членови ги именува Собранието на Комората.

(7) Ново барање за запишување може да се поднесе најмалку три месеца од денот на донесувањето на решението со кое е одбиено барањето за запишување во соодветниот именик.

**4. Осигурување од одговорност и финансирање**

Член 125

(1) Комората врши задолжително осигурување од одговорност, како колективно осигурување.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член овластен архитект, односно овластен инженер може индивидуално да се осигура од одговорност за штетата која би можел да им ја направи на трети лица, ако Комората даде согласност.

Член 126

Средствата за извршување на работите од надлежност на Комората се обезбедуваат од:

- надоместок за овластување,
- надоместок од членарина,
- надоместок од нострификација,
- донации и
- други извори утврдени со закон.

X. НАДЗОР

Член 127

Надзорот над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

**1. Инспекциски надзор**

Член 128

(1) Работите на инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (во натамошниот текст: градежни инспектори) и градежни инспектори на општините и на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: овластени градежни инспектори ).

(2) Градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од прва категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија од членот 57 на овој закон.

Член 129

(1) Градежен инспектор, односно овластен градежен инспектор е службено лице кое е самостојно во вршењето на инспекцискиот надзор и својот идентитет и овластувања ги докажува со легитимација и амблем. Легитимацијата ја издава и одзема органот кој го назначил.



www.pravdiko.com

(2) Формата и содржината на образецот на легитимацијата и амблемот на градежниот инспектор и начинот на нејзиното издавање и одземање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работата од областа на уредување на просторот а на овластениот градежен инспектор градоначалникот на општината.

Член 130

(1) За градежен инспектор се назначува лице со завршено високо образование архитект инженер или градежен инженер со најмалку три години работно искуство во струката.

(2) За овластен градежен инспектор се назначува лице со завршено високо образование архитект инженер или градежен инженер со најмалку две години работно искуство во струката.

130-а

(1) За работата на градежните инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам донесува годишна програма, а за работата на овластените градежни инспектори на општините и на општините во Градот Скопје, годишна програма донесува градоначалникот на општината.

(2) Годишните програми од ставот (1) на овој член содржат месечни планови за работа на градежните односно овластените градежни инспектори.

(3) Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за работата на градежните инспектори најдоцна до 31 март во тековната година, доставува годишен извештај за претходната година, до Владата на Република Македонија, а градоначалникот на општината односно општината во градот Скопје за работата на овластените градежни инспектори најдоцна до 31 март во тековната година, доставува годишен извештај за претходната година, до Советот на општината.

(4) Годишните програми од став (1) на овој член се донесуваат до 31 декември во тековната година за наредната година.

**2. Права и должности на градежен инспектор**

Член 131

(1) Градежен инспектор, односно овластен градежен инспектор во рамките на надлежностите утврдени со овој и друг закон, има право да врши инспекциски надзор во текот на изградбата, како и инспекциски надзор на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и при пренамена од станбен во деловен простор и обратно.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот од ставот (1) на овој член може да побара присуство на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи, заради негова заштита.

(3) Учесниците во изградбата се должни на градежниот инспектор, односно на овластениот градежен инспектор да му овозможат непречено спроведување на инспекциски надзор и да му ја дадат на увид документацијата што се однесува на градбата што е предмет на надзор.

(4) Градежен инспектор при вршењето на инспекциски надзор проверува дали овластениот градежен инспектор ги врши работите согласно со овој закон. Надлежните органи на општините се должни на барање на градежен инспектор да му овозможат да изврши увид во документацијата.



www.pravdiko.com

(5) Доколку надлежниот градежен инспектор констатира дека настанале некои од условите за одземање на лиценца предвидени во членот 38 ставови (4) и (5) од овој закон како и за одземање на овластување предвидени во членот 39 ставови (4) и (5) од овој закон, е должен да поднесе предлог за одземање на лиценцата, односно овластувањето со записник за констатираната неправилност до органот надлежен за одземање на лиценца, односно овластување.

Член 131-а

Доколку при вршење на инспекциски надзор градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор констатира дека изведувачот не обезбедил докази за потекло на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал, е должен за тоа да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција и да постапи согласно со членот 164 од овој закон.

Член 132

(1) За вршењето на инспекциски надзор градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор води дневник.

(2) Начинот и содржината на водењето на дневникот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(3) Во спроведувањето на инспекцискиот надзор градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор има право и должност да провери дали учесниците во градењето имаат овластувања и лиценци, како и да нареди отстранување на неправилностите, отстранување на оштетувањата, прекинување на изградбата, отстранување на градбата, затворање на градилиштето, означување на градбата за опасна, како и да преземе други работи со цел да се спречи изградбата, ако градбата се изведува спротивно на овој закон.

(4) Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор постапката на инспекциски надзор ја покренува и ја води по службена должност, како и по иницијатива на кое било лице, согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка.

(5) Во постапката за извршување на извршните поединечни управни акти, градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор има право да побара асистенција од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи заради негова лична заштита.

(6) Доколку при вршење на инспекцискиот надзор градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор констатира неправилност која согласно со овој закон претставува прекршок, односно со посебен закон е утврдена како кривично дело, покренува прекршочна или кривична постапка.

**Постапка за едукација**

Член 132-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членовите 150 став (1) точка 4, 151 став (1) точка 3, 156-а став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и 156-б став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.



www.pravdiko.com

(2) Надлежниот градежен инспектор е должен да спроведе постапка за едукација и доколку утврди неправилност од членот 162 од овој закон, а рокот за отстранување на неправилноста во овој случај изнесува шест месеци.

(3)Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.

(4) Едукацијата ја организира и спроведува државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно општината во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(5) Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(6) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(7) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(8) Доколку градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(9) Доколку градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(10) Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно општината води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за вршење на работите за уредување на просторот.

Член 132 - б

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно општината за извршените контроли изготвуваат квартални извештаи и ги објавуваат на својата веб страница.

### 3. Прекинување на изградбата

Член 133

(1) Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот да ја прекине натамошната изградба, ако утврди дека:

- изградбата е започната со одобрение за градење кое согласно со Законот за општата управна постапка е запрено од извршување,
- инвеститорот не постапи согласно со членот 67 ставови (1) и (2) на овој закон,
- изградбата ја врши правно лице без лиценца, односно физичко лице без овластување предвиден со овој закон,
- градбата или нејзин дел се гради спротивно на одобрението за градење или спротивно на заверениот основен проект,
- има неправилности при изградбата кои можат да го загрозат исполнувањето на основните барања за градбата и
- со изградбата е загрозена сигурноста на околните градби или стабилноста на околното земјиште.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор ќе одреди и рок заради усогласување на изградбата, односно состојбата на градбата со одредбите од овој закон.

(3) Во случај на прекинување на изградбата, за градба која е запишана во Националниот регистар на културно наследство градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор ќе го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

**4. Отстранување на градба**

Член 134

(1) Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот отстранување на градба, односно на нејзин дел, ако:

- се гради или е изградена без одобрение за градење од членот 59 на овој закон,
- доколку изградбата не се усогласи со одредбите на овој закон по истекот на рокот за усогласување даден во решението за прекинување на градбата од членот 133 на овој закон,
- се гради и покрај тоа што е донесено решение за прекинување на изградбата од членот 133 на овој закон,
- се гради или е изградена спротивно на одобрението за градење или заверениот основен проект,
- во текот на изградбата се утврдат неправилности поради кои се нарушени основните барања на градбата во однос на механичката отпорност, стабилноста, сеизмичката заштита и квалитетот на вградени материјали и
- изградбата се изведува со одобрение за градење кое не е конечно во управната постапка.

(2) Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение на изведувачот ќе му нареди отстранување на градбата од ставот (1) на овој член ако не постапи согласно со членот 72 став (6) од овој закон.

(3) Во случај на отстранување на градба која е запишана во Националниот регистар на културно наследство градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор ќе побара согласност органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

(4) Овластениот градежен инспектор доколку констатира дека сопственикот на посебниот дел од објект, станот или дел од станот извршил пренамена без одобрение за пренамена од член 97 став (3) на овој закон, ќе донесе решение со кое ќе го задолжи сопственикот да го врати посебниот дел од објектот, станот или делот од станот во првобитна состојба.

Член 135

Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот отстранување на:

- привремена градба ако не е отстранета во пропишаниот рок,
- градба изградена во случај на непосредна опасност, ако не е отстранета во пропишаниот рок согласно со овој закон,
- градбите и опремата од членот 73 на овој закон кои се изведени, односно поставени без решение за изведување, односно поставување,
- времен објект поставен на градежно земјиште со акт на надлежен орган, заради реализација на годишната програма од членот 79 на овој закон и заради поставување на урбаната опрема од членот 80 на овој закон,



www.pravdiko.com

- времен објект поставен на градежно земјиште со акт на надлежен орган ако истекол рокот за негово поставување определен во актот,

- времен објект поставен на градежно земјиште со акт на надлежен орган, заради реализација на урбанистичкиот план и

- времен објект и урбана опрема поставени со одобрение за поставување согласно со членот 81 на овој закон, по истекот на рокот за отстранување определен во одобрението за поставување.

Член 135-а

(1) Доколку овластениот градежен инспектор утврди дека урбана опрема - тераси со или без настрешници и покриени или непокриени шанкови е поставена без одобрение за поставување на урбана опрема, донесува решение за отстранување на истата и во рок од три дена ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

(2) Доколку овластениот градежен инспектор утврди дека урбаната опрема - тераси со или без настрешници и покриени или непокриени шанкови е поставена спротивно на одобрението за поставување на урбана опрема, ќе донесе решение со кое ќе го задолжи лицето на кое е издадено одобрението, во рок од три дена од приемот на решението, поставената урбана опрема да се усогласи со издаденото одобрение и ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

(3) Жалбата изјавена против решението од ставовите (1) и (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(4) Доколку лицето кое поставило урбана опрема без одобрение или спротивно на одобрението, не постапи по решението од ставовите (1) и (2) на овој член, односно не ја отстрани урбаната опрема во определениот рок, отстранувањето на опремата ќе го изврши овластениот градежен инспектор на сметка на лицето кое ја поставило урбаната опрема. За отстранување на опремата овластениот инспектор ќе го извести надлежниот орган кој го издал одобрението, по што надлежниот орган е должен истото да го поништи.

(5) Надлежниот орган нема да издаде одобрение за поставување на урбаната опрема во случаите од ставот (4) на овој член, за период од најмалку шест месеци од денот на поништувањето на одобрението, односно од денот на отстранувањето на опремата поставена без одобрение.

Член 135-б

(1) Доколку овластениот градежен инспектор, односно градежниот инспектор утврди дека урбана опрема-рекламни и информативни паноа, како и рекламни и информативни паноа кои се поставуваат на објекти согласно со членот 74 од овој закон, се поставени без одобрение за поставување на урбана опрема, односно без решение за поставување, донесува решение за отстранување на истите и во рок од три дена ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

(2) Жалбата изјавена против решението од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## 5. Затворање на градилиште

Член 136

(1) Во случаите од членовите 134 и 135 на овој закон градежениот инспектор, односно овластениот градежен инспектор пред донесувањето на решение, на лице место ќе нареди затворање на градилиште, односно на негов дел и ќе постави посебен службен знак.

(2) Начинот на затворање и означување на затворено градилиште го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот .

(3) Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор од градилиштето ќе го отстрани службениот знак од ставот (1) на овој член кога инвеститорот ќе постапи според решението, односно кога ќе ја усогласи изградбата согласно со овој закон.

(4) Ако градителот продолжи со изградбата после затворањето на градилиштето и означувањето со посебен службен знак за спречување на натамошна изградба, решението ќе го спроведе градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со помош на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи.

## 6. Решение на инспектор

Член 137

(1) Во зависност од констатираната состојба градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор ќе состави записник, врз основа на кој донесува решение.

(2) Против решението на гредежен инспектор, како и против заклучокот со кој се дозволува извршување, заклучокот за прекинување на постапката и заклучокот за трошоците на извршувањето на постапката може да се изјави жалба до Комисија составена од три члена именувани од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Претседателот на Комисијата е од редот на раководните државни службеници кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Против решението на овластениот градежен инспектор, како и против заклучокот со кој се дозволува извршување, заклучокот за прекинување на постапката и заклучокот за трошоците на извршувањето на постапката може да се изјави жалба до Комисија составена од три члена именувани од страна на градоначалникот на општината. Претседателот на Комисијата е од редот на раководните државни службеници кој не бил вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор.

(4) Жалбата изјавена против решението на градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор, не го одлага извршувањето на решението.

5) Претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член одлуката по жалба треба да ја донесат во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

(6) Доколку претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член не донесе решение во рокот од ставот (5) на овој член, подносителот на жалбата може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена. Формата и содржината на известувањето од овој став ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член, да изврши надзор во органот кој е надлежен да одлучува по жалбата, дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(8) Инспекторот на Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член, да одлучи по жалбата во рок од десет дена и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по



www.pravdiko.com

поднесената жалба. Инспекторот на Државниот управен инспекторат доставува копија од решението до подносителот на жалбата.

(9) Доколку претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член, не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член, ќе одлучи по поднесената жалба, за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(10) Доколку претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (6) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на надлежниот орган.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата согласно со ставот (6) и/или не поднесе пријава согласно со ставот (10) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за превземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Доколку директорот на државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) од овој член, подносителот на жалбата, може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку претседателот на комисијата од ставовите (2) и (3) на овој член, не одлучат во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

(18) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (6) на овој член во "Службен весник на Република Македонија" истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.



www.pravdiko.com

Членот 138 е укинат со Одлука на Уставниот суд („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Член 139

(1) Во решението од членот 137 на овој закон градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор може да изрече и забрана за градење и користење на објектот со затворање на градилиштето.

(2) Забраната за градење и користење се огласува на огласна табла на органот кој ја води постапката и се објавува најмалку во два дневни весници од кои еден е на јазиците на припадниците на етничките заедници.

(3) Со изрекувањето на забраната изведувачот, односно инвеститорот е обврзан да го затвори градилиштето и пристапот во објектот на начин определен од инспекторот, во спротивно решението е основ за извршување на дејствие кое може да го изврши само должникот во постапка пред извршител согласно со Законот за извршување, како и извршување заради испразнување на недвижност, ствари и лица кои ќе се затекнат во постапката на присилно извршување по решението на градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор, или извршување заради исполнување на дејствие кое може да го исполни трето лице наместо должникот. За пристапување кон присилно извршување инспекторот донесува заклучок за пристапување кон извршување против кој е дозволена посебна жалба. Жалбата не го одлага извршувањето на заклучокот. Решението на инспекторот е извршна исправа.

Членот 140 е укинат со Одлука на Уставниот суд („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Член 141

Решението на градежниот инспектор особено мора да содржи:

- број и датум на донесување,
- ознака од дневникот на градежниот инспектор,
- податоци за градителот, инвеститорот, изведувачот и имателот на градбата,
- опис и категорија на градбата, односно делот од градбата кој не се гради согласно со одобрението за градење, проектот и решението за локациски услови,
- број, датум и органот кој го издал одобрението за градење, доколку е такво издадено,
- описни и просторни податоци за земјиштето на кое се гради (број на катастарска парцела, катастарска општина, површина и правен статус), со наведување на правниот основ со кој се регулираат односите меѓу сопственикот на земјиштето, изведувачот и инвеститорот,
- рок и упатување за отстранување на неправилностите,
- приказ на запишаните права во Јавната книга до моментот на донесување на решението,
- налог за запишување на заложно право во Јавната книга,
- налог во врска со објавувањето на решението на огласна табла и дневни весници,
- изрекување на забрана од членот 139 на овој закон,
- определување на висината на трошоците за отстранување на градбата, односно на деловите кои се градат без одобрение за градење и определување на висината на пенали за секој ден задоцнување,
- образложение и
- правна поука и други податоци согласно со закон.



www.pravdiko.com

Член 142

(1) Постапката за извршување на решението започнува со доставување заклучок на странката со кој се дозволува неговото извршување.

(2) Ако извршеникот не постапи по решението од членот 137 на овој закон, за градби од прва категорија од членот 57 на овој закон решението ќе го изврши и ќе го спроведе административното извршување градежен инспектор, а за градби од втора категорија, како и за градби и опрема од член 73 на овој закон, времени објекти и урбана опрема, временски објекти и урбана опрема овластен градежен инспектор, во согласност со овој и друг закон.

Член 143

(1) Трошоците за извршување на решението на градежниот инспектор за градби од прва категорија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, а на решението на овластениот градежен инспектор за градби од втора категорија како и за градби и опрема од член 73 на овој закон, времени објекти и урбана опрема од буџетите на општините, односно на општините во градот Скопје.

(2) Направените трошоците за извршување на решението од ставот (1) на овој член се надоместуваат од извршеникот согласно со закон и не можат да бидат повисоки од реалните трошоци.

Член 144

(1) Градежниот инспектор кога ќе констатира дека општината не овластила градежен инспектор за вршење на работите утврдени со овој закон, составува записник кој го доставува до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот со предлог за добивање на овластување за вршење на работите од надлежност на овластен градежен инспектор. Записникот заедно со предлогот се доставува и до градоначалникот на општината, односно градоначалникот на општината во градот Скопје. Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот врз основа на предлогот, може да даде овластување за вршење на работите од надлежност на овластен градежен инспектор.

(2) Доколку во општината нема овластен градежен инспектор за вршење на работите на инспекциски надзор, градоначалникот на општината може да достави предлог до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за вршење на работите на инспекциски надзор во општината. По добивање на предлогот градежниот инспектор постапува согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Вршењето на работите на инспекциски надзор, градежниот инспектор ги врши до овластување на општински градежен инспектор, но не подолго од една година.

(4) Работите од ставовите (1) и (2) на овој член градежниот инспектор ги врши за сметка на општината и се на товар на буџетот на општината, а за трошоците за извршените работи органот на државната управа надлежен за работите на уредување на просторот доставува известување до органот на државната управа надлежен за работите на финансиите.

(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите по добиеното известување од ставот (4) на овој член, приходите на општината, односно на општините од подрачјето на градот Скопје по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, во висина на направените трошоци, ги пренасочува на сметка на Буџетот на Република Македонија.



www.pravdiko.com

## 7. Преземање на работите од страна на градежниот инспектор

Член 145

(1) Доколку градежниот инспектор утврди дека овластениот градежен инспектор не ги врши работите пропишани со овој закон, е должен веднаш да поднесе писмено укажување до градоначалникот на општината за неизвршувањето на работите.

(2) Доколку овластениот градежен инспектор не ги изврши работите за кои е овластен согласно со овој закон во рок од седум дена од денот на доставувањето на укажувањето од ставот (1) на овој член, градежниот инспектор составува записник кој од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се доставува до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот со предлог за преземање на работите од надлежност на овластениот градежен инспектор, по конктретниот предмет за кој е утврдено неизвршување на работите. Записникот заедно со предлогот се доставува и до градоначалникот на општината, односно градоначалникот на општината во градот Скопје.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот врз основа на предлогот, донесува решение за преземање на работите од надлежност на овластениот градежен инспектор, по конктретниот предмет за кој е утврдено неизвршување на работите кое се доставува до градоначалникот на општината, односно градоначалникот на општината во градот Скопје.

(4) Вршењето на преземените работи од овластениот градежен инспектор, градежниот инспектор го врши до нивно извршување.

(5) Работите од ставот (1) на овој член градежниот инспектор ги врши за сметка на општината и се на товар на буџетот на општината, а за трошоците за извршените работи органот на државната управа надлежен за работите на уредување на просторот доставува известување до органот на државната управа надлежен за работите на финансиите.

(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите по добиеното известување од ставот (5) на овој член, приходите на општината, односно на општините од подрачјето на градот Скопје по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, во висина на направените трошоци, ги пренасочува на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Член 146

(1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите од членот 128 на овој закон се должни да проверат дали управните акти издадени врз основа на овој закон се во согласност со истиот и доколку утврдат дека управните акти се издадени спротивно на овој закон, се должни да поднесат писмен предлог за поништување на тие управни акти со записник за констатираната состојба, до органот кој ги донел.

(2) Надлежниот орган кој го донел управниот акт е должен да постапи по предлогот и во рок од осум дена да донесе решение со кое ќе го поништи издадениот управен акт или решение со кое ќе го одбие предлогот за поништување.

## 8. Надзор над законитоста на работењето на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје

Член 147

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината односно органите на општините во градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, за работи од нивна надлежност кои се однесуваат на изведување на градба од втора категорија од членот 57 на овој закон.

Член 148

(1) При вршењето на надзорот над законитоста на работата на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ги врши следниве работи:

1) ја следи законитоста на работата на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината што се однесуваат на изградбата;

2) им укажува на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;

3) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон, а кои се од јавен интерес од локално значење;

4) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината за работите кои треба да ги вршат согласно со овој закон, а на барање на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје;

5) го следи навременото донесување на актите од општината утврдени со овој закон;

6) поднесува иницијативи и предлози до органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје доколку констатира неспроведување на овој закон како резултат (последица) на судир на надлежностите меѓу нив;

7) ја следи законитоста на решенијата што органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје ги донесуваат во решавањето на управни работи за права, обврски и интереси на правните и физичките лица донесени врз основа на овој закон и презема мерки во согласност со закон;

8) дава мислење и стручна помош на барање на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје по предлог на актите кои произлегуваат од овој закон;

9) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните за работите утврдени со овој закон и

10) навремено ги известува органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа, односно за работите што се однесуваат на градењето и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ги информира органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје.

(3) Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите од ставот (1) на овој член, се одзема вршењето на соодветните работи.

(4) Вршењето на одземените работи го презема органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот одземените работи од надлежност на општината, ги врши во име и за сметка на општината и за тоа ќе ги извести органите на општината, односно органите на општините во градот Скопје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.



www.pravdiko.com

(6) За трошоците за извршените работи од ставот (4) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот доставува известување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите.

(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите по добиеното известување од ставот (6) на овој член приходите на општината, односно на општините од подрачјето на градот Скопје по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, во висина на направените трошоци, ги пренасочува на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Член 149

Кога органот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, односно градежниот инспектор ќе утврдат дека општината, односно овластениот градежен инспектор не ги донесуваат во предвидените рокови актите утврдени со овој закон, ќе поднесат предлог за вршење на инспекциски надзор до Државниот управен инспекторат, кој е должен да изврши инспекциски надзор согласно со Законот за управната инспекција.

## XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### 1. Прекршоци на инвеститор

Член 150

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-инвеститор, ако:

1) проектирањето, ревизијата, изградбата и надзорот над изградбата на градбите од прва категорија од членот 57 на овој закон го довери на лице кое не ги исполнува условите согласно со овој закон за вршење на таа дејност (член 13 став (2));

2) за управител на градба назначи лице без лиценца (член 14 став (2));

3) не ја заврши градбата од прва категорија од член 57 на овој закон во рокот утврден со овој закон (член 68);

4) писмено не го пријави започнувањето на изградбата на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон (член 67 став (1)) и

5) за градбите од прва категорија од членот 57 на овој закон не преземе мерки за обезбедување (членови 82 и 83).

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице - инвеститор.

Член 151

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - инвеститор, ако:

1) проектирањето, ревизијата, изградбата и надзорот на изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон го довери на лице кое не ги исполнува условите согласно со овој закон за вршење на таа дејност (член 13 став (2));

2) не ја заврши градбата од втора категорија од членот 57 на овој закон во рокот утврден со овој закон (член 68 став (2) точка 3);

3) писмено не го пријави започнувањето на изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон (член 67 став (1)) и

4) за градбите од втора категорија од член 57 на овој закон не преземе мерки за обезбедување (членови 82 и 83).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице - инвеститор.

Член 151-а

(1) Глоба во износ од 7.000 до 9.000 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече на правно лице-инвеститор ако не обезебеди обележување на проектираната градба на терен согласно со членот 82 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице-инвеститор.

(3) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице-инвеститор.

## 2. Прекршоци на правно лице за проектирање на градби и на проектант

Член 152

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за проектирање на градби, ако:

1) врши работи на проектирање без лиценца за проектирање (член 16 став (1));

2) вработи како проектант странско физичко лице без потврдено овластување од комората (член 42 став (4)) и

3) проектантот изработил проект спротивно на законските прописи.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 153

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на проектант, ако:

1) изработил проект без овластување за проектирање (член 17 став (1)) и

2) изработил проект спротивно на законските прописи.

## 3. Прекршоци на правно лице за вршење на ревизија и на ревидент

Член 154

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за вршење на ревизија на проектна документација, ако:

1) врши ревизија на проекти без да има лиценца за вршење на ревизија на проектна документација (член 23 став (1));

2) вработи како ревидент странско физичко лице без потврдено овластување од Комората (член 42 став (4)) и

3) ревидентот извршил ревизија спротивно на законските прописи.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.



www.pravdiko.com

Член 155

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на ревидент, ако:

1) извршил ревизија без да има овластување за ревизија на проектна документација (член 24 став (1));

2) извршил ревизија на проектна документација, изработена од правното лице во кое е вработен (член 20 став (3)) и

3) извршил ревизија спротивно на законските прописи.

**4. Прекршоци на правно лице-изведувач и на инженер за изведба**

Член 156

(1) Глоба во износ од 7.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице изведувач, ако:

1) изведува градби без соодветна лиценца за изведувач (член 26 став (1));

2) не гради во согласност со одобрението за градење, ревидираниот основен и изведбениот проект (член 29 став (1) алинеја 2);

3) не обезбеди докази за пропишан квалитет за вградените градежни производи (член 29 став (1) алинеја 4);

4) на градилиштето не спроведува мерки за заштита и сигурност согласно со закон (член 29 став (1) алинеја 5);

5) не определи инженер за изведба на градилиштето (член 30);

6) не обезбеди обележување на проектираната градба на терен (член 82);

7) не го загради односно не го заштити градилиштето (член 83 ставови (1) и (2));

8) вработи како инженер за изведба странско физичко лице без потврдено овластување од Комората (член 42 став (4)).

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 156-а

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице изведувач, ако при изведување на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон:

1) не води градежен дневник и градежна книга за изведените градежни работи (член 29 став (1) алинеја 3);

2) не го означи со информативна табла градилиштето (член 83 став (3));

3) привремено зафати за потребите на градилиштето јавна сообраќајна површина без дозвола (член 84);

4) не ги отстрани од градилиштето непотрошените градежни и други материјали, отпадот и слично (член 85 став (2)) и

5) на градилиштето ја нема документацијата од членот 86 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 156-б

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице изведувач, ако при изведување на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон:

1) не води градежен дневник и градежна книга за изведените градежни работи (член 29 став (1) алинеја 3);

2) не го означи со информативна табла градилиштето (член 83 став (3));

3) привремено зафати за потребите на градилиштето јавна сообраќајна површина без дозвола (член 84);

4) не ги отстрани од градилиштето непотрошените градежни и други материјали, отпадот и слично (член 85 став (2)) и

5) на градилиштето ја нема документацијата од членот 86 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 156-в

(1) Глоба во износ од 15.000 до 17.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице изведувач, ако при изведување на градби не обезбеди докази за потеклото на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал (член 29 став (1) алинеја 6).

(2) Глоба во износ од 9.000 до 11.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 156-г

Глоба во износ од 7.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на инженер за изведба ако при изведување на градби не обезбеди докази за потекло на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал (член 29 став (1) алинеја 6).

Член 157

Глоба во износ од 5000 до 7000 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече на инженер за изведба за прекршокот од членот 156 став (1) точки 2, 3, 4, 5, 6 и 8 на овој закон, прекршокот од членовите 156-а и членовите 156-б на овој закон и доколку врши работи на раководење со изградбата без да има овластување за инженер за изведба согласно членот 31 став (1) од овој закон.

**5. Прекршок на правно лице за вршење на надзор и на надзорен инженер**

Член 158

(1) Глоба во износ од 7.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за вршење на надзор, ако:

1) врши надзор без лиценца за вршење на надзор (член 34 став (1));

2) изготви извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од членот 90 став (3) и став (4) на овој закон;

3) постапи спротивно на членот 36-а од овој закон;

4) вработи како надзорен инженер странско физичко лице без потврдено овластување од Комората (член 42 став (4)) и

5) надзорниот инженер не постапил во согласност со член 36 и член 90-а од овој закон.

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 159

Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на надзорен инженер, ако:



www.pravdiko.com

1) врши надзор без овластување за надзорен инженер (член 35 став (1));
2) постапи спротивно на членот 36-а од овој закон;
3) изготви извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од членот 90 став (3) и став (4) на овој закон и
4) не постапил согласно со членот 36 и членот 90-а од овој закон.

## 6. Прекршоци за неизвршување на решение на градежен инспектор

Член 160

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - инвеститор и изведувачот ако продолжат со изградбата на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон и изведувањето на одделни работи во случаите кога е донесено решение за прекинување на изградбата (член 133 став (1)) и по затворањето на градилиштето (член 136 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - инвеститор, за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на учесниците во изградбата ако го попречуваат инспекцискиот надзор или не овозможат увид во документацијата (член 131 став (3)).

Член 160-а

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на инвеститор и изведувач на градби ако продолжат со изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон во случаите кога е донесено решение за прекинување на изградбата (член 133 став (1)) и по затворањето на градилиштето (член 136 став (1)).

## 7. Прекршоци на сопственик на објект

Член 161

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице сопственик на објект, ако:
1) го употребува објектот или негов дел без одобрение за употреба (член 93 став (1))
2) извршил пренамена од станбен во деловен простор и обратно, без издадено одобрение за пренамена (член 97 ставови (2) и (3)) и
3) за управител на одржување определи лице без лиценца (член 98 став 3)).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на објект за прекршокот од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член.

Член 161-а

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице доколку постави урбана опрема - тераси со или без настрешници и покриени или непокриени шанкови, без одобрение за поставување на урбана опрема или спротивно на одобението за поставување.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице - трговец поединец.



www.pravdiko.com

Член 161-б

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице доколку постави урбана опрема - рекламни и информативни паноа, како и рекламни и информативни паноа кои се поставуваат на објекти согласно со членот 74 од овој закон, без одобрение за поставување на урбана опрема односно без решение за поставување.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на заедницата на сопственици на станови за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 162

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице сопственик на објект, ако не постапи согласно со членот 171 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска проттиввредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на објект за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член надлежен орган за спроведување на прекршочната постапка е комисија за прекршоци формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.

## 8. Прекршоци на одговорни и службени лица

Член 163

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, ако не издаде одобрение за градење во рокот определен во членот 59 став (13) на овој закон или издаде одобрение спротивно на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, ако не постапат согласно со членот 146 став (2) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на надлежен градежен инспектор ако не ги врши работите на инспекциски надзор определени со овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и на надлежениот градежен инспектор ако не постапат согласно со членот 142 од овој закон.

(5) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во единицата на локална самоуправа, како и во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, ако во постапката за издавање на одобрение за градење постапат спротивно на членот 59 став (16) од овој закон и ако издадат одобрение за градење со форма и содржина која не е во согласност со формата и содржината пропишана согласно со членот 62 став (5) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на

органот кој постапува по барањето за одобрение за градење доколку не постапат согласно со членот 59-ѓ од овој закон.

(7) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во единицата на локална самоуправа доколку не постапат согласно со членот 92-а став (3) од овој закон.

(8) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот доколку не постапат согласно со членот 96 став (2) од овој закон односно на одговорното лице и службеното лице на единицата на локална самоуправа доколку не постапат согласно со членот 96 став (3) од овој закон.

Член 164

Кога надлежните инспектори од членот 128 на овој закон, односно органот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, ќе утврдат дека е сторен прекршок предвиден со овој закон ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Член 165

(1) Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд ќе се спроведе постапка за порамнување. Доколку сторителот го признае прекршокот, надлежниот инспектор од членот 128 на овој закон ќе му издаде на сторителот платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на платниот налог сторителот на прекршокот се смета дека се согласува да ја плати предвидената глоба.

(2) Сторителот на прекршоците од ставот (1) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, означена во платниот налог, односно на сметка на надлежната општина. Сторителот ќе плати само половина од изречената глоба доколку плаќањето го изврши во рокот од осум дена.

(3) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (2) на овој член, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 166

(член 166 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

Започнатите постапки за издавање на одобрение за градење и на одобрение за употреба ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на примената на овој закон.

Член 167

(член 167 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

(1) Поблиските прописи утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните подзаконски прописи.



www.pravdiko.com

Член 168
(член 168 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

Лиценците и овластувањата издадени согласно со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2005, 82/2008 и 106/2008) продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени.

Член 169
(член 169 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

Главните проекти за инфраструктурни градби и комплекси од членот 57 на овој закон кои се изработени и ревидирани, како и главните проекти за инфраструктурни градби и комплекси од членот 57 на овој закон чијашто изработка е започната до 30 јуни 2005 година, се сметаат како основни проекти согласно со овој закон.

Член 170
(член 170 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

Изградените објекти со јавна и деловна намена, треба да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон, а скалиштата во надворешниот простор наменети за јавна употреба, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 171
(член 171 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

Сопствениците на изградени објекти кои се без фасада се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да изградат фасада.

Член 172
(член 172 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09)

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за градење (“Службен весник на Република Македонија“ број 51/2005, 82/2008 и 106/2008).

Член 173
(член 37 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија“ бр.124/10)

Постапките за издавање на одобрение за употреба за објекти од трета, четврта и петта категорија, започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, доколку не е извршен технички преглед на градбата ќе продолжат според одредбите на овој закон.

Член 174
(член 38 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.124/10)

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 175
(член 76 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

(1) Лиценца А за проектирање издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши проектирање на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон а Лиценца Б за проектирање издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши проектирање на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон.

(2) Лиценца А за ревизија на проектна документација издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши ревизија на проектна документација за градби од прва категорија од членот 57 на овој закон а Лиценца Б за ревизија на проектна документација издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши ревизија на проектна документација за градби од втора категорија од членот 57 на овој закон.

(3) Лиценца А за изведувач и Лиценца Б за изведувач издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши изведување на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон а Лиценца Ц за изведувач и Лиценца Д за изведувач издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши изведување на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон.

(4) Лиценца А за надзор и Лиценца Б за надзор издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши надзор над изградба на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон а Лиценца Ц за надзор и Лиценца Д за надзор издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена и со истата ќе може да се врши надзор над изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон.

Член 176
(член 77 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Лиценцата Е за изведувач издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадена.

Носителот на Лиценцата Е за изведувач може во периодот на важењето на Лиценцата Е да поднесе барање за добивање Лиценацата А за изведувач или Лиценцата Б за изведувач согласно условите утврдени во овој закон без плаќање на надоместок.

Лиценцата А за изведувач или Лиценцата Б за изведувач од став (2) на овој член не се издава доколку барателот претходно не ја врати Лиценцата Е за изведувач.



www.pravdiko.com

Член 177
(член 78 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Овластување А за проектирање, Овластување А за ревизија на проектна документација, Овластување А за инженер за изведба и Овластување А за надзорен инженер издадено пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадено и со истото ќе може да се врши проектирање, ревизија на проектна документација, раководење со изградбата и надзор над изградбата, на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон а Овластување Б за проектирање, Овластување Б за ревизија на проектна документација, Овластување Б за инженер за изведба и Овластување Б за надзорен инженер издадено пред влегувањето во сила на овој закон продолжува да важи до истекот на рокот за кој е издадено и со истото ќе може да се врши проектирање, ревизија на проектна документација, раководење со изградбата и надзор над изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон.

Член 178
(член 79 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Правните лица за проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата се должни да обзебедат осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Македонија, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 179
(член 80 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Постапките за добивање на лиценци започнати до денот на влегување во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

Постапките за издавање на одобрение за градење започнати до денот на влегување во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите од законот по кој истите се започнати.

Член 180
(член 81 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Доколку за линиските инфраструктурни градби има изработен главен односно основен проект, кој е ревидиран пред влегувањето во сила на овој закон, во постапката за добивање на одобрение за градење не се доставува проект за инфраструктура.

Член 181
(член 82 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, општините, општините во градот Скопје се должни од 1 јули 2012 година постапката за добивање на одобрение за градење да ја спроведуваат на електронски начин.



www.pravdiko.com

Член 182
(член 83 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Прописот од член 59-е на овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 183
(член 84 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11)

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важат членовите 12 и 44 став (1) точка 1 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (“Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 28/2006 и 103/2008).

Член 184
(член 3 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.36/11)

Локална и државна урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански опфат, а кои се одобрени до 7 февруари 2011 година, се применуваат во постапката за издавање на одобрение за градење и согласно со истите може да се издаде одобрение за градење.

Одобренијата за градење издадени согласно со локална и државна урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански опфат, имаат правна сила и можат да се извршуваат, доколку локалната и државната урбанистичка планска документација се одобрени до 7 февруари 2011 година.

Член 185
(член 8 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.54/11)

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 186
(член 9 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.54/11)

Со денот на влегувањето во сила на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, надлежен орган за постапување по поднесените жалби против решението за одбивање на барањето за издавање на лиценца, односно овластување е Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Одредбата од членот 5 став 1 на овој закон со која се менува членот 65 ставови (1) и (2) од овој закон ќе започне да се применува од денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.



www.pravdiko.com

Член 187
(член 15 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/12)

Одредбата од членот 5 од овој закон со која се менува членот 87 став (5), одредбата од членот 8 од овој закон со која се менува членот 97 став (8) и одредбата од членот 10 од овој закон со која се менува членот 99 став (11) ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 188
(член 16 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/12)

Основните, односно главните проекти за државни и локални патишта кои се изработени и ревидирани заклучно со 22 февруари 2011 година се сметаат и како проекти за инфраструктура, доколку истите се одобрени од надлежен орган согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 189
(член 51 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 144/12)

Во членот 82 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 18/11) датата „1 јули 2012 година “ се заменува со датата „1 март 2013 година“.

Член 190
(член 52 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 144/12)

Прописот утврден во членот 17 од овој закон со кој се додава нов членот 48-б, ќе се донесе во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (1) на овој член во “Службен весник на Република Македонија“ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

Член 191
(член 53 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 144/12)

Постапките за добивање на одобрение за градење и за добивање на овластување започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите од законот по кој се започнати.



www.pravdiko.com

Член 192
(член 54 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија бр. 144/12)

Одредбата од членот 19 од овој закон со која во членот 58 се додава нов став (3), ќе започне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Член 193
(член 55 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија бр. 144/12)

Надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен барањата, односно пријавите за предбележување и прибележување на градбата, за измените во текот на градбата, како и за запишување на објектот во јавната книга на недвижности кои ги доставува до Агенцијата за катастар на недвижности од 1 декември 2012 година да ги доставува во електронска форма.

Член 194
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија бр. 25/13)

Во членот 82 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 18/11) датата „1 март 2013 година “ се заменува со датата „1 јуни 2013 година“.

Член 195
(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија бр. 25/13)

Одредбата од членот 55 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 144/12) од денот на влегувањето во сила на овој закон нема да се применува до 1 јуни 2013 година.



www.pravdiko.com